| АКТИВНОСТИ | РЕСУРСИ | | ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛВАЦИЈА | ОДГОВОРНИ ЛИЦА ЗА ЕВАЛВАЦИЈА | ВРЕМЕНСКА РАМКА | КРИТЕРИУМИ ЗА УСПЕХ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **човечки** | **физички** | | | | |
| **Анализа и евалвација на активностите од претходната учебна година** | Тим, директор, наставници, приватни лица, стручни лица | лаптоп Нет моб. телефон хартија печатач | Записници, предлози, анализа, анкета | Директор, помошник-директор, наставници | Учебна 2017/2018 | Реализација на 80% годишно од планираните активности со локалната, бизнис и НВП заедница како и со носителите  на други институции. |

**Конкретна цел: 4.2.2.** Унапредување на соработката со деловната заедница и невладиниот сектор

| АКТИВНОСТИ | РЕСУРСИ | | ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛВАЦИЈА | ОДГОВОРНИ ЛИЦА ЗА ЕВАЛВАЦИЈА | ВРЕМЕНСКА РАМКА | КРИТЕРИУМИ ЗА УСПЕХ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **човечки** | **физички** | | | | |
| **Анализа и евалвација на активностите од претходната учебна година** | Тим, директор, наставници, приватни лица, стручни лица | лаптоп Нет моб. телефон хартија печатач | Записници, предлози, анализа, анкета | Директор, помошник-директор, наставници | учебна 2017/2018 | Реализација на 80% годишно од планираните активности со локалната, бизнис и НВП заедница како и со носителите на други институции. |

**Конкретна цел: 4.2.3.** Унапредување на соработката со други училишта

| АКТИВНОСТИ | РЕСУРСИ | | ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛВАЦИЈА | ОДГОВОРНИ ЛИЦА ЗА ЕВАЛВАЦИЈА | ВРЕМЕНСКА РАМКА | КРИТЕРИУМИ ЗА УСПЕХ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **човечки** | **физички** | | | | |
| **Анализа и евалвација на активностите од претходната учебна година** | Тим, директор, наставници, приватни лица, стручни лица | лаптоп Нет моб. телефон хартија печатач | Записници, предлози, анализа, анкета | Директор, помошник-директор, наставници | Учебна 2017/2018 | Реализација на 80% годишно од планираните активности со локалната, бизнис и НВП заедница како и носителите на други институции. |

**Тим:**

**Јасна Ј.-Гулевски, координатор**

**Пандора Запаренко**

**Жанета Лутовска**

**Светлана Јовановска**

# 8. КАЛЕНДАР ЗА РАБОТА

## Календар за организација на учебната 2017/2018 година

За успешна реализација на воспитно-образовната дејност, училиштето ја планира, организира и програмира работата согласно со Календарот за организација и работа на училиштето во учебната 2017/2018 година (Сл.весник од 23.8.2017г.), со кој се утврдуваат организирањето на учебната година и одморите на учениците во училиштето.

Учебната година во училиштето почнува на 1 септември 2017 година, а завршува на 31 август 2017 година. Наставната година започнува на 4 септември 2016 година и завршува на 8 јуни 2018 година. Наставната година ја сочинуваат две полугодија (I и II полугодие). Првото полугодие започнува на 4 септември 2016 година и завршува на 29 декември 2017 година. Второто полугодие започнува на 22 јануари 2017 година и завршува на 9 јуни 2018 година.

Во времето од 11 јуни до 18 јуни 2018, училиштето ќе организира дополнителна настава за оние ученици кои на крајот од учебната година имаат по една или две слаби оценки, а од 14 до 20 август 2018 година, се организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни или одделенски испити и истите ги спроведуваат.

Во текот на учебната година учениците користат зимски и летен одмор. Зимскиот одмор започнува на 30 декември 2017 година и завршува на 21 јануари 2018 година. Летниот одмор започнува на 9 јуни 2018 година и завршува на 31 август 2018 година.

На Денот на училиштето, 8.Декември, ќе се организираат културни, спортски и други манифестации.

Работните денови кога се изведуваат ученичките екскурзии, Денот на дрвото/ Денот на еколошката акција на младите во Република Македонија и Денот на училиштето, се наставни денови кога се изведуваат посебни програми.

***Овој календар влегува во сила на осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 септември 2017 година.*** **(Календарот за работа е во прилог 1).**

## ПРИЛОГ 1: Календар за учебната 2017/18 година

| СЕДМИЦА | 1. | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. | 7. | 8. | 9. | 10. | 11. | 12. | 13. | 14. | 15. | 16. | 17. | 18. | 19. | 20. | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2017-18 | I ПОЛУГОДИЕ | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| работни денови | септември | | | | | октомври | | | | | ноември | | | | | декември | | | | | ВК |
| понеделник | | 4 | 11 | 18 | 25 | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 6 | 13 | 20 | 27 | | 4 | 11 | 18 | 25 | 16 |
| вторник | | 5 | 12 | 19 | 26 | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | | 7 | 14 | 21 | 28 | | 5 | 12 | 19 | 26 | 17 |
| среда | | 6 | 13 | 20 | 27 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 16 |
| четврток | | 7 | 14 | 21 | 28 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 17 |
| петок | | 8 | 15 | 22 | 29 | 6 | 13 | 20 | 27 | | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 15 |
| вкупно денови | 19 | | | | | 20 | | | | | 22 | | | | | 20 | | | | | 81 |

| СЕДМИЦА | 21. | 22. | 23. | 24. | 25. | 26. | 27. | 28. | 29. | 30. | 31. | 32. | 33. | 34. | 35. | 36. | 37. | 38. | 39. | 40. | 41. | 42. | 43. | 44. | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2017-18 | II полугодие | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| работни денови | јануари | | | февруари | | | | | март | | | | | април | | | | мај | | | | | јуни | | ВК |
| понеделник | | 22 | 29 | | 5 | 12 | 19 | 26 | | 5 | 12 | 19 | 26 | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | 7 | 14 | 21 | 28 | | 4 | 19 |
| вторник | | 23 | 30 | | 6 | 13 | 20 | 27 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 3 | 10 | 17 | 24 | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 5 | 19 |
| среда | 17 | 24 | 31 | | 7 | 14 | 21 | 28 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 4 | 11 | 18 | 25 | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 6 | 21 |
| четврток | 18 | 25 | | 1 | 8 | 15 | 22 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 5 | 12 | 19 | 26 | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | | 7 | 20 |
| петок | 19 | 26 | | 2 | 9 | 16 | 23 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | 6 | 13 | 20 | 27 | 4 | | | | | 1 | 8 | 19 |
| вкупно денови | 10 | | | 20 | | | | | 22 | | | | | 19 | | | | 21 | | | | | 6 | | 98 |

| | |
|---|---|
| **понеделници** | **35** |
| **вторници** | **36** |
| **среди** | **37** |
| **четвртоци** | **37** |
| **петоци** | **34** |
| **ВКУПНО** | **1790** |

### За сите граѓани на РМ

8. Септември (петок) -Ден на независноста на РМ
11. Октомври (среда) -Ден на народното востание
23 . Октомври (понеделник) -Ден на Македонската револуционерна борба
8. Декември (петок) -„Св. Климент Охридски“
9. Април (понеделник) -Втор ден Велигден
1. Мај (вторник) -Ден на трудот
24. Мај (четврток) -„Св. Кирил и Методиј“

### За граѓаните од православната вероисповест

19. Јануари (петок) -Богојавление (Водици)
6. Април (петок) -Велики Петок, петок пред Велигден

| **ЕКО- КАЛЕНДАР** | |
|---|---|
| **16 -ти септември** | **- Светски ден за заштита на озонската обвивка** |
| **22 –ри септември** | **- Меѓународен ден без автомобили** |
| **2- ри октомври** | **- Ден на акција на екоучилиштата** |
| **8 - ми октомври** | **- Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата** |
| **15  - тиоктомври** | **- Меѓународен ден на пешаците** |
| **16 - ти октомври** | **- Меѓународен ден на храната** |
| **5 - ти март** | **- Светски ден за заштеда на енергија** |
| **2 ри март** | **- Светски ден за заштеда на вода** |
| **7 - ми април** | **- Светски ден на здравјето** |
| **9 - ти април** | **- Ден на акција на екоучилиштата** |
| **22- ри април** | **-  Светски ден на планетата** |
| **15 - ти мај** | **- Светски ден за заштита на климата** |
| **31 - ви мај** | **- Светски ден против пушењето** |
| **5 - ти јуни** | **- Светски ден за заштита на животната средина** |

Предвидените екоактивности од календарот, како и тековните во учебната 2017/2018 година,  ќе се реализираат со активно учество на учениците и наставниците. Пред одржувањето на истите и по нивната реализација, наставниците ги запознаваат и информираат учениците со целите и резултатите, за што се тие применливи во секојдевниот живот. Целта е да се постигне ефект од целокупната активност. Дел од активностите ќе се реализираат во соработка со одредени институции

# . 9. НАСТАВА

## Настава

Во една учебна година, наставата во основното училиште трае 180 работни дена. За да се постигне овој број на работни денови, Годишната програма на училиштето е распределена на три тримесечија: првото тримесечие трае од 1 септември до 30 ноември, второто од 1 декември до 15 март и третото од 16 март до 10 јуни.

Наставата во нашето училиште се реализира според Наставниот план и програма за деветгодишно основно образование. Таа ни овозможува остварување на основните образовни и воспитни принципи во училиштето, како и спроведување на законските норми и принципи.

## Вид на настава

Во училиштето се реализираат следните видови настава: задолжителна, изборна, дополнителна и додатна настава. Секој вид настава се реализира според претходно изработена програма од страна на наставниците, а во согласнот со наставните планови и програми изработени од страна на МОН и БРО.

Исто така, во училиштето се изработуваат и реализираат индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани ученици, индивидуализирани програми за ученици со посебни образовни потреби, употреба на ИКТ во наставата.

Поврзувањето на еколошката програма со редовната настава е приложена како анекс на Годишната програма на училиштето.

## Организација на задолжителна настава

- По правило, наставата е организирана пет дена во седмицата, а часовите траат 40 минути. Наставата е организирана во две смени- претпладне и попладне. Почетокот на првата смена е во 7 часот и 15 минути, а втората смена започнува од 13 часот. Во училиштето, наставата од I-V одд. се изведува во класични училници, а наставата од VI – IX одд, се изведува по кабинети, опремени за соодветниот предмет. Исто така, наставниците реализираат настава и во училишната медијатека која е опремена со смарт табла и видеобим. Часовите по физичко и здравствено образование се реализираат во две фискултурни сали-една за предметна настава и една за одделенска, како и на спортските терени во дворот на училиштето.
- Со Наставниот план и наставните програми на основното училиште, одредени се задолжителните предмети, нивниот распоред по одделенија како и

седмичниот и годишниот фонд на часовите за учениците. Таа се организира по следните предмети:

- Македонски јазик ( I - IX )
- Математика ( I – IX )
- Англиски јазик ( I – IX )
- Географија ( VI - IX )
- Историја ( VI - IX)
- Биологија ( VII – IX )
- Хемија ( VIII, IX )
- Физика ( VIII, IX )
- Етика (VII)
- Информатика ( VI, VII )
- Техничко образование (IV,V,VI )
- Општество ( I – V )
- Природни науки – ( I – VI)
- Граѓанско образование (VIII, IX)
- Музичко образование ( I – IX )
- Физичко и здравствено образование ( I – IX )
- Ликовно образование ( I – IX )
- Работа со компјутери и основи на програмирање(III,IV, V)
- Иновации (IX)
- Образование за животни вештини ( I – IX ) – (исклучок има во прво одделение каде овие часови се реализираат во состав на редовните часови)

Сите наброени елементи се содржат во Наставниот план, како и во објаснувањата за неговата примена. Поконкретно, дидактичките насоки за наставата се разработени во наставните програми по одделни предмети и подрачја и истите се дадени на страната на БРО – www.bro.gov.mk

- Задолжителен странски јазик е англискиот, а како втор задолжителен јазик, покрај германскиот е понуден и француски јазик ( VI - IX ).
- Поделбата на одделенското раководство е дадена во табелата што следува, а поделбата на часовите ќе следува дополнително:

| Одделенско раководство | Одделенска настава:<br><br>I одделение, 5 наставника<br>II одделение, 5 наставника<br>III одделение, 5 наставника<br>IV одделение, 5 наставника<br>V одделение, 5 наставника<br>I-V одделение, 4 наставника во престој<br>**Предметна настава:**<br>VI одделение, 5 одделенски раководитела и предметните наставници<br>VII одделение, 5 одделенски раководитела и предметните наставници<br>VIII одделение, 5 одделенски раководитела и предметните наставници<br>IX одделение, 5 одделенски раководитела и предметните наставници |
| --- | --- |

- Распоред на часови и распоред на дополнителна и додатна настава[1]

## *Изборната настава*

Изборните предмети кои ги нуди училиштето се привлечни и интересни. Нив ученикот може да ги избира уште од трето, а по правило,од четврто одделение. Доколку се случи да нема доволен интерес за одреден предмет што го сака ученикот, тогаш може да се определи за оној предмет за којшто се пријавени најмалку 15 ученика.

Истите се наменети за усвојување и надградување на знаењата во одредени подрачја, збогатување и систематизирање на искуството, за поврзување на теоретските знаења со практичните активности, како и за откривање на интересите на учениците за професиите и занимањата. Изборна настава во нашето училиште се организира по следните предмети:

[1] Напомена : До 20 септември ќе биде изготвен распоред за дополнителна и додатна настава и приложен кон оваа програма.

| ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ | ПАРАЛЕЛКИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX |
| Творештво[2] | | | 0 | | | | |
| Етика на религии | | | | 5 | | | |
| Класична култура на европската цивилизација | | | | 5 | | | |
| Француски јазик | | | | 0 | | | |
| Германски јазик | | | | 5 | | | |
| Проекти од ликовната уметност | | | | | | 5 | |
| Проекти по техничко образование | | | | | 5 | | |
| Проекти од музичка уметност | | | | | 5 | | |
| Проекти од информатика | | | | | | | 1 |
| Програмирање | | | | | | | 5 |
| Вештини на живеење | | | | | | 5 | |

Во III, IV и V одделение, учениците по желба избираат втор изборен предмет помеѓу влашкиот, ромскиот и бошњачкиот јазик.[3]

**Зголемување и подобрување на ефикасноста на учењето**

Конкретни цели кои се планираат за зголемување и подобрување на ефикасноста на учењето се ефективни форми и методи на организација на наставата, усогласени со наставните планови и програми.

**Задачи**:

- Примена на соодветни форми и методи за зголемување на критичкото размислување кај учениците;
- Зголемен фонд на извори на информации во учењето од страна на наставниците;

[2] Учениците во IV и V одделение можат да изберат да го изучуваат и изборниот предмет Творештво.

[3] Учениците, припадници на влашката, ромската и бошњачката заедница, во согласнот со родителите, можат да го изучуваат влашкиот, ромскиот или бошњачкиот јазик и култура. Учениците кои ќе изберат еден од овие предмети, ќе го изучуваат континуирано. Доколку учениците се определат да го изучуваат овој предмет, ќе го изучуваат секогаш како втор, односно трет изборен предмет.

- Вклучување на родителите во наставата;
- Развивање на соодветни форми на проблемско-предметна настава.

**<u>Активности (дејствија):</u>**

1. Имплементација на активностите со родителите во наставните програми;
2. Работилница за проектно –проблемска настава за наставниците;
3. Имплементација на проектно–проблемските активности во наставните програми.

**<u>Поттикнување на позитивни ставови кон учењето и надвор од наставата</u>**

Конкретните цели кои се планираат за поттикнување на позитивни ставови кон учењето и надвор од наставата, се остваруваат преку организирање на настава во природа.

**<u>Задачи:</u>**

1. Планирана е изградба на втора екоучилница во природа;
2. Планирање и реализирање на активности по Стручни активи во екоучилницата;

- Реализирање на часови и мноштво активности во екоучилницата;

3. Проширување на екоактивностите и вклучување на учениците во истите.

## Програма за дополнителна настава

Дополнителната настава според Законот, им овозможува на оние учениците кои заостануваат по одредени наставни содржини или имаат потешкотии со учењето по одделни наставни предмети, дополнително да ги совладаат истите содржини кои се изучуваат паралелно со редовните предмети.

Оваа настава се планира и организира во текот на целата наставна година и е застапена со вкупно 72 часа годишно, во предметна настава и во одделенска настава. За истата, наставниците подготвуваат годишно планирање за изведување на ваквите часови.

Исто така, на почетокот на учебната година, наставниците од одделенска настава одредуваат термин според распоредот кога ќе се одржува часот за дополнителна настава, а за предметна настава, часот за дополнителна, се одредува по посебен распоред истакнат на огласната табла. Истиот содржи име и презиме на наставникот, наставен предмет, ден, месец и час.

Овие распореди за одржување на дополнителната настава, на почетокот на учебната година, се испраќаат кај просветниот инспектор.

Во текот на учебната година, по квартали, поднесуваат и извештај за реализацијата. Педагошко-психолошката служба, по секое тримесечие, по предлог на предметниот наставник, на огласна табла за наставниците, истакнува списоци на ученици што треба да посетуваат дополнителна настава поради кординација помеѓу наставниците за опфатот на учениците.

За опфатените ученици, наставниците водат портфолио за напредокот, кога се вклучени и кога се исклучени. За реализацијата на дополнителната настава на ниво на училиште, се подготвуваат извештаи по тримесечија, како и на крајот од првото и второто полугодие, од страна на училишниот педагог. Во прилог на подобрување на квалитетот на дополнителната настава, во текот на учебната година, се врши посета на истата од страна на училишниот педагог и директорот.

### АКТИВНОСТИ НА НИВО НА УЧИЛИШТЕ ЗА ПОУСПЕШНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОПОЛНИТЕЛНАТА НАСТАВА:

| СПИСОК НА УЧЕНИЦИ ОПФАТЕНИ СО ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА | ОДД. | НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ ВО КОИ ЗАОСТАНУВА УЧЕНИКОТ | ВКЛУЧЕНИ | ИСКЛУЧЕНИ | СОРАБОТКА | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |

| | јануари | | февруари | | | | | март | | | | | април | | | | Мај | | | | | Јуни | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Понеделник | 23 Мат (доп) | 30 Мак Дод | | 6 Гер Доп | 13 Мат Доп | 20 Гео Дод | 27 Анг Доп | | 6 Мат Доп | 13 Мак Дод | 20 Гер Дод | 27 Тех Дод | 3 Гео Дод | 10 Инф Доп | 17 | 24 Мат Дод | 1 | 8 Инф Доп | 15 Мат Доп | 22 ПрНа Дод | 29 Инф Доп | | 5 Инф Дод |
| | 23 ФЗО (доп) | 30 ФЗО Дод | | 6 Инф Доп | 13 ФЗО Доп | 20 ФЗО дод | 27 Гер Дод | | 6 ФЗО дод | 13 ФЗО Доп | 20 Инф Доп | 27 Мат Дод | 3 ФЗО Доп | 10 ФЗО Дод | 17 | 24 Гер Доп | 1 | 8 ФЗО Доп | 15 ФЗО Дод | 22 Тех Доп | 29 ФЗО Доп | | 5 ФЗО Дод |
| Вторник | 24 Мат (дод) | 31 Пр.На Доп | | 7 Гер Дод | 14 Мат Дод | 21 Пр.На Доп | 28 Анг Дод | | 7 Мат Дод | 14 Анг Дод | 21 Мат Доп | 28 Анг Доп | 4 ПрНа Доп | 11 Лик Доп | 18 Ист Дод | 25 Мат Доп | 2 ПрНа Доп | 9 Анг Доп | 16 Мат Дод | 23 Мак Доп | 30 Ист Доп | | 6 Мак Дод |
| | 24 Ист (доп) | 31 Анг доп | | 7 Инф Дод | 14 Ист Доп | 21 Мак Доп | 28 Лик Дод | | 7 Ист Доп | 14 Пр.На Доп | 21 Ист Дод | 28 Гер Дод | 4 Муз Дод | 11 Инф Дод | 18 Анг Доп | 25 Гео Дод | 2 Мак Дод | 9 Ист Доп | 16 Гео Доп | 23 Анг доп | 30 Гео Доп | | 6 Гео Дод |
| Среда | 25 Ист (дод) | | 1 Анг Дод | 8 Тех Доп | 15 Ист Дод | 22 Муз Доп | | 1 Тех Доп | 8 Ист Дод | 15 Гер Доп | 22 Муз дод | 29 Лик Дод | 5 Гео Доп | 12 Лик Дод | 19 Анг Дод | 26 Муз Дод | 3 Инф Дод | 10 Ист Дод | 17 Инф Дод | 24 | 31 Муз Доп | | 7 Муз Дод |
| | 25 Гео (доп) | | 1 Муз Доп | 8 Лик Доп | 15 Гео Доп | 22 Мак Дод | | 1 Инф Дод | 8 Гео Доп | 15 Муз Доп | 22 Инф Дод | 29 Ист Доп | 5 Мак Дод | 12 Мак Доп | 19 Гео Доп | 26 Тех Дод | 3 Лик Дод | 10 Гер Доп | 17 Гео Дод | 24 | 31 Ист Дод | | 7 Мат Дод |
| Четврток | 26 Гео (дод) | | 2 Пр.На Дод | 9 Тех Дод | 16 Пр.На Дод | 23 Гер Доп | | 2 Тех Дод | 9 Гео Дод | 16 Анг Доп | 23 Лик Доп | 30 Анг Дод | 6 ПрНа Дод | 13 Ист Доп | 20 Муз Доп | 27 Инф Доп | 4 ПрНа Дод | 11 Анг Дод | 18 Лик Доп | 25 Лик Дод | | 1 Мат Доп | 8 Анг Дод |
| | 26 Мак (доп) | | 2 Муз дод | 9 Лик дод | 16 Муз дод | 23 Лик доп | | 2 Инф доп | 9 Мак доп | 16 Пр.На дод | 23 Тех доп | 30 Гер доп | 6 Муз доп | 13 Гер дод | 20 Тех доп | 27 Лик доп | 4 Мак доп | 11 Гер дод | 18 ПрНа доп | 25 Тех дод | | 1 ПрН доп | 8 ПрН дод |
| Петок | СУА – 6 одделение | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Со ваквиот начин на организација на дополнителната, додатната настава и слободните ученички активности, е исполнета законската регулатива за фондот на часови по наставни предмети, со вкупно 72 часа на годишно ниво, по паралелка. Секој работен ден, учениците имаат можност да посетуваат часови за дополнителна и додатна по два наставни предмета. Со тоа, ја усогласивме распределбата на ученици кои истовремено имаат потреба да ги посетуваат тие часови на повеќе наставни предмети. Со ваквото функционирање, ги надминавме претходните проблеми со поклопување на термините на повеќе наставни предмети. Секој наставник, доколку воочи дека има потреба од дополнителни часови, тоа го прави во термин договорен со учениците.

**Изработи:**

**Крстевски Никола**

**Учебна 2017/18 г.**

## Додатна настава

Според Законот за основно образование, додатната настава се организира за ученици кои се истакнуваат со особени знаења, умеења и интереси во усвојувањето на наставните содржини од наставните предмети, односно за оние ученици кои можат побрзо да напредуваат во знаењата од соодветната научна област, ученици кои можат да дадат повеќе од она што треба да се научи на часовите од редовната настава. Станува збор за талентирани и натпросечни ученици на кои треба да им се овозможат оптимални услови и полн развој на изразените интереси и способности. Забрзаното напредување, може да се постигне со редовна и добро испланирана организација на часовите од додатната настава, како и со редовното присуство на истите од страна на учениците. Оваа настава се планира и организира во текот на целата наставна година, паралелно со редовната настава и треба да е застапена со 36 часа годишно, во предметна настава, од страна на секој наставник, а во одделенска настава (од второ до петто одделение), наставниците се обврзани да реализираат вкупно 72 часа дополнителна и додатна настава. Поточно, во одделенските книги од секоја паралелка во предметна настава, треба да се реализираат по два часа седмичен фонд.

Од минатата учебна година, во предметна настава, започна да се работи по нов распоред на додатната настава. За ефектите е уште рано да се зборува. За успешна анализа, потребно е континуирано следење во повеќе учебни години. Исто така и посетата на часовите претрпува промени. Распоредот за реализација на додатната настава се подготвува на почетокот на учебната година, по полугодија.

Целта на посетата е утврдување на интересот на учениците кои ја посетуваат, како и ефектите на развојот на мислењето (креативно и логичко), збогатување на енциклопедиското и академското знаење и слично.

| | |
|---|---|
| **Компетентноста на наставникот за препознавање на талентираните ученици при формирање на групата за додатна настава се однесува на можноста да ги препознае особините на учениците и нивните потреби, како и да го зголеми обемот на сопствената подготвеност за работа со истите на часовите за додатна настава.** | - Препознавање на надарените;<br>- Знаење за природата и потребите на надарените;<br>- Искористување на податоците од идентификацијата во планирање на индивидуалната програма за надарените;<br>- Познавање на соодветни програмски модели за нивна поддршка;<br>-Знаење и вештини во користење на групната динамика;<br>- Интерес и обврски за постојано развивање на сопствената ефективност;<br>- Познавање на законските и правните норми поврзани со грижата за напредување на талентираните и надарените ученици;<br>- Знаење и вештина за советодавна работа со талентираните и надарените ученици;<br>- Знаење за современите трендови и извори на воспитување и образование на талентираните и надарените ученици. |

| ЦЕЛИ | АКТИВНОСТИ | РЕАЛИЗАТОРИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|
| **Идентификување на надарените ученици вклучени во редовна настава** | Тестирање на учениците со тест на интелигенција и нивно селектирање (Равенови матрици) | Психолог | септември октомври | Запазување на законските регулативи со кои секоја паралелка треба да реализира по два часа додатна настава седмично.<br>Потребен е за распределување на учениците кои ја посетуваат |
| | Анализа на резултатите од тестирањето и изработка на извештај | Психолог | октомври ноември | |
| **Спроведување анкета за интересот за посета на додатната настава по наставни предмети** | Корекција на постојната анкета, спроведување на анкетата како и формирање на групите | Стручна служба, одговорни наставници | септември | Спроведување на законската регулатива.<br>Увид во интересот на учениците. |
| **Идентификување на креативното мислење кај талентираните ученици** | Тестирање на учениците со тест на креативно мислење | Психолог | септември октомври | Спроведување на научни постапки за идентификување на талентот. |
| **Поседување документи за правилно и научно идентификување на талентираните и надарени ученици** | Прашалник за наставниците (интерен, изготвен од училишниот психолог или по Ренцули) | Психолог, наставници | септември | Тестирањето на креативноста на учениците преку мислење на наставниците со стандардизирани критериуми за идентификација на надарените и талентирани ученици. |
| **Формирање на групите за додатна настава со користење на податоците добиени од спроведените инструменти за идентификација** | Состаноци на Стручни активи и презентирање на резултатите за откривање на талентите на учениците и правилно формирање | Психолошко-педагошка служба, одделенски раководители, наставници | октомври | Часовите од додатна настава наставниците ги спроведуваат за меѓуученички натпревари, како и подготовка на учениците за учество на претстојните организирани натпревари преку индивидуализирана форма за работа. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Подобро запознавање со видот на талентираност и следење на развојот на талентираните ученици** | Индивидуални и групни состаноци со родителите и презентирање на информации | Психолошко-педагошка служба, одделенски раководители, наставници | ноември | Се користат резултатите од прашалникот за наставници по Ренцули. |
| **Определување на цели за работа со надарените ученици; стратегии и ментори за работа** | Состаноци со Стручните активи, одговорни наставници на слободните ученички активности, како и начинот на водење на додатната настава | Психолошко-педагошка служба, одделенски раководители, наставници | септември – мај | Се користат резултатите од прашалникот за наставници по Ренцули. |
| **Следење на развојот на талентираните и надарените ученици** | Состаноци со наставниците и родителите на надарените ученици, водење записници Прашалник за родителите во врска со нивното мислење за организацијата на додатната настава Посета на часови од додатна настава со цел согледување интересот и напредокот на учениците кои ја посетуваат истата | Психолошко-педагошка служба, одговорни наставници за додатна настава | септември – мај | Часовите од додатна настава, наставниците ги спроведуваат за меѓуученички натпревари, како и подготовка на учениците за учество на претстојните организирани натпревари преку индивидуализирана форма за работа. |
| **Поддршка на надарените ученици за акцелерација** | Тестирање на учениците за креативност и интелигенција, годишни тестови на знаење по наставните предмети | Психолошко–педагошка служба, Стручни активи, родители, наставници, | Во текот на учебната година, по потреба | Спроведување на законската регулатива и интересот на родителите и децата за побрзо напредување Оваа активност се реализира во случај ако ученик и неговите |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | одделенски раководители | | родители покажат интерес за тоа! |
| **Поттикнување на надарените ученици во натамошното напредување и проширување на знаењата** | Организирање на додатна настава адаптирана на поставените цели | Предметните наставници | Во текот на учебната година | Грижа на училиштето за развивање на талентот, надареноста и интелигенцијата на одредени ученици. |
| | Организирање на групна настава адаптирана на потребите на надарените ученици | Предметните наставници | Во текот на учебната година | |
| | Вклучување во воннаставни активности на надарените деца | Психолошко–педагошка служба, во соработка со наставниците задолжени за воннаставни активности | Во текот на учебната година | |
| **Континуирано следење на постигањата по класификациони периоди на надарените ученици** | Анализа на успехот (постигнувањата) на надарените ученици по класификациони периоди и изработка на извештај | Психолошко–педагошка служба, одделенски раководител | По класификациони периоди | Реализација на законската регулатива. |
| **Откривање на потребите за продлабочување и проширување на знаењата и размена на информации и предлози за нивното напредување** | Организирање на индивидуални средби со надарените ученици<br>Посета на часовите од додатна настава<br>Анкетен лист за интересот за додатната настава | Психолошко–педагошка служба, наставници, родители | Во текот на учебната година | Согледување на начинот, методите и формите преку кои се спроведува овој вид настава<br>Согледување на интересот за додатната настава. |
| **Запознавање на** | Извештај за постигањата на | Одделенски и | По | Целосна соработка на релација |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **родителите со постигањата на учениците и размена на искуства и информации за потребите на ученикот** | надарените ученици, нивниот напредок, изготвување извештаи од посетата на часовите од додатна настава | предметни наставници, Психолошко – педагошка служба (по потреба) | класификацио ни периоди | училиште- родители- наставници. |
| **Соработка со локалната заедница** | Учество во натпревари во организација на МОН, БРО на РМ, општина Битола, НВО, Народна техника, Црвен Крст и др. | Ученици, предметни наставници, наставници ментори, МОН, БРО и др. | Во текот на учебната година | Афирмација на учениците и работата на училиштето во пошироката заедница. |

Успешното планирање на додатната настава, добрата организација, како и редовната посета на истата од страна на учениците, е најважна за успешна и делотворна настава, организирана за надарените и талентирани ученици

**ППС : Кети Секуловска**

## Програма за работа на тимот за пофалување и наградување на учениците:

| ПЛАНИРАНИ ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | РЕАЛИЗАТОР | МЕТОДИ И ПОСТАПКИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОЧЕКУВАНИ ЦЕЛИ И ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|
| **Изработка на Програмата за работа на Тимот за пофалување и наградување на учениците и наставниците за учебната 2017/2018 јул** | Јули 2017 | Координатор на Тимот за пофалување и наградување на учениците и наставниците | Бура на идеи | Квалитетна и применлива годишна програма. |
| **Измени во членовите на Тимот за пофалување и наградување на учениците и наставниците** | август 2017 | Директор | разговор<br>договор<br>дискусија | Подобра и попродуктивна работа на Тимот за пофалување и наградување на учениците и наставниците |
| **Разгледување на Критериумите за пофалување и наградување на учениците и наставниците и нивно дополнување** | септември 2017 | Тим за пофалување и наградување на учениците и наставниците | разговор<br>договор<br>дискусија | Дополнети критериуми<br>Размена на искуства<br>Примена на критериумmите |
| **Прибирање и разгледување на формулари со предлози за наставник на годината за учебната 2016/2017 година** | октомври 2017 | Директорот и Тимот за пофалување и наградување на учениците и наставниците | разговор<br>договор<br>дискусија | Мотивирање на сите заинтересирани наставници<br>Примена на критериумите |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Гласање за избор на најдобар наставник за учебната 2016/2017 година** | ноември 2017 | Наставнички совет | дискусија | Мотивирање на наставниците<br>Успешна организација на гласањето и изборот<br>Примена на критериумите |
| **Избор на омилен наставник на учениците од предметна настава** | ноември 2017 | Учениици од VI до IX одделение,<br>Тим за пофалување и наградување на учениците и наставниците | дискусија<br>договор | Примена на критериумите<br>Успешна реализација на изборот |
| **Прогласување на наставник на годината за 2016/2017(еден од одделенска настава, еден од предметна настава)** | декември 2017 | Директорот и Тимот за пофалување и наградување на учениците и наставниците | презентација | Поттик за подобра и попродуктивна работа на наставниците, зголемено меѓусебно почитување и доверба |
| **Изготвување на полугодишен извештај за работата на тимот** | Јануари 2018 | Координатор на тимот за пофалување и наградување на учениците и наставниците | Набљудување | Известување самоевалуација на крајот од првото полугодие за реализираните активности предвидени во програмата за работа |
| **Прибирање на предлози и разгледување на документација на ученици за пофалени и наградени ученици на крајот на учебната година** | Април/Мај 2018 | Тим за пофалување и наградување на учениците и наставниците | Дискусија<br>Договор | Мотивирање на сите заинтересирани ученици<br>Примена на критериумите |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Избор на првенци на генерација од III до IX одделение за учебната 2017/2018 година** | Мај 2018 | Директорката и тимот за пофалување и наградување на учениците и наставниците | Разговор<br>Договор<br>Дискусија | Мотивирање на учениците<br>Примена на критериумите<br>Успешна реализација на изборот |
| **Избор на спортисти на годината за учебната 2017/2018 година** | Мај 2018 | Директорката и тимот за пофалување и наградување на учениците и наставниците | Разговор<br>Договор<br>Дискусија | Мотивирање на учениците<br>Примена на критериумите<br>Успешна реализација на изборот |
| **Доделување на благодарници на ученици за активно учество во наставни и воннаставни активности** | Јуни 2018 | Директорката и тимот за пофалување и наградување на учениците и наставниците | Презентација | Поттик за активно учество во наставни и воннаставни активности |
| **Изготвување на годишен извештај за работата на тимот** | Јуни 2018 | Координатор на тимот за пофалување и наградување на учениците и наставниците | Набљудување | Известување самоевалуација на крајот од годината за реализираните активности предвидени во програмата за работа |
| **Анализа на работата на тимот и реализација на програмата** | Септември2017 / јуни 2018 | Тим за пофалување и наградување на учениците и наставниците | Дискусија | Успешна соработка помеѓу членовите на тимот<br>Реализирана програма |
| **Евалуација на програмата и предлог за изработка на нова програма за наредната учебна година** | Јули 2018 | Тим за пофалување и наградување на учениците и наставниците | Дискусија | Самоевалуација на реализираните активности предвидени во програмата<br>Нови идеи |

**И зработи:Координатор на тимот- ДаниелаПетковска**

## Инклузивен тим на деца со посебни образовни потреби

Учебна 2017/18 г. ОУ„ Св. Климент Охридски“-Битола

***Општа цел:***

Подобрување на квалитетот на живот на децата/ ученици со посебни потреби и поттикнување на развој на сите деца во „Училиштето по мерка на детето„.

***Специфични цели:***

1. Примена, развој и пратење на моделот за добра инклузивна пракса во училиштето, изработка на ИОП соодветни на способностите, потребите и подготвеноста на секој ученик.
2. Активна учество во инклузивниот и образовен процес и практична вклученост на родителите на децата со посебни образовни потреби.
3. Обезбедување и унапредување на квалитетот на наставата во образованието на учениците со посебни потреби.

***Активности за реализација на целите:***

| АКТИВНОСТ | НОСИТЕЛИ | НАЧИН НА ПРАТЕЊЕ | ВРЕМЕ 2017/18 г. |
|---|---|---|---|
| ***Анализа на Програмата за инклузивно образование*** од минатата учебна година и работата на Тимот пред почетокот на учебната 2017/18 година | Тим за ИО, наставник, родител | Евиденција на тимот, извештаи | VI, VIII |
| ***Изработка на План и програма*** за работа на Тимот во учебна 2017/18 година-организирање на активности врз основа на Програмата за работа за изработка на акционен план. Изготвување на Годишна програма за работа на Тимот | Тим за ИО | Педагошка евиденција, план за работа | VIII, IX |
| ***Анализа на актуелната состојба во училиштето, идентификација на децата со посебни потреби за дополнителна поддршка*** | ППС, одделенски раководители, наставници Тим за ИО, родители | Опсервација на ученикот, проценка на наставникот, база на податоци, педагошка евиденција | IX-2017, VI-2018 (во текот на учебната година) |
| ***Пратење на напредокот на ученикот-ИОП-***унапредување на достапноста на соодветните облици на поддршка на учениците | Наставници, ППС | Педагошка евиденција, извештаи, педагошко досие-евидентни листови, наставни ливчиња | Во текот на учебната година |
| ***Соработка со наставниците*** вклучени во инклузивното образование при изработка на ИОП, следење, реализација, евалуација. | Тим за ИО, наставници | Педагошка евиденција, извештаи, педагошко досие-евидентни листови | Во текот на учебната година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ***Јакнење на професионалните компетенции*** на наставникот | | | |
| ***Едукација на учениците*** од редовната популација за разбивање на предрасудите за корисниците на инклузивното образование ***Активности за учениците*** во прифаќањето на различностите, преку изработки на проекти, паноа, цртежи, составување лични творби, состави итн. | Тим за ИО, наставници, одделенски раководител, Ученички парламент, секција на информатичари новинарска секција | Изработки од учениците-педагошко досие, фотографии, проекти, извештаи | Во текот на учебната година |
| ***Сензибилизација на родителите*** – (на родителски состаноци) предавање за родители на тема : Што содржи ИОП | Раководител на Тимот, одделенски раководители | Извештаи, евиденција на присутни, коментари, на родителите, записник | Во текот на учебната година,по потреба |
| ***Информирање преку јавни гласила*** Информирање на јавноста преку медиуми за инклузивното образование во нашето училиште-искуства | Информатичар или Тим за поддршка, Тим за ИО, директор, ППС, одделенски раководител | Телевизиски или радио емисии, изработки, фотографии и извештаи | Во текот на учебната година |
| ***Соработка со други институции*** кои го поддржуваат и унапредуваат инклузивното образование ***Соработка со други важни институции, локалната самоуправа и др.*** | Тим за ИО, директор | Извештаи, педагошка евиденција | Во текот на учебната година |
| ***Анализа на работата на Тимот*** и реализација на програмата, вреднување на резултатите од работата | Тим за ИО | Извештаи, евиденција | XII-2017, VI-2018 |

**Координатор: Андријана Шокларовска**

## Тим за прифаќање и реализација на проекти

Во учебната 2017/2018 година, нашето училиште продолжува со реализација на веќе постоечките проекти, како и со воведување на нови проекти кои во текот на оваа учебна година ќе бидат идентификувани, прифатени и реализирани.

Во продолжение е даден шематски приказ на проектите застапени во нашето училиште.




*Подетално образложени во табелата што следи;

**УСАИД, МКЦ,МЦГО,Чекор по чекор и др;

***Проекти кои ги реализира самиот наставник во текот на микро-наставата

| ПРОЕКТИ КОИ УЧИЛИШТЕТО ГИ РЕАЛИЗИРА ВО СОРАБОТКА СО МОН И БРО | | | |
|---|---|---|---|
| **ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:** | **РЕАЛИЗАТОРИ:** | **ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2017/2018:** | **ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛВАЦИЈА:** |
| **Употреба на асистивна технологија во работата со ученици со посебни образовни потреби;** | Тим за инклузивно образование | - Обуки за наставниците за изработка на ИОП во согласност со потребите на ученикот<br>- Постојана комуникација наставник- дефектолог- родител.<br>- Изработка на чекори за изработка на ИОП за одделенска и предметна настава. | - Извештаи од обуки;<br>- Изработени ИОП; |
| **Заедничка грижа за правилно насочување на учениците** | Тим на проектот: „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“ | - Продолжување на активностите за вклучување на родителите во училиштето;<br>- Усогласување на програмата на Клубот со годишната програма и развојниот план на училиштето;<br>- Реализација на планираните активности; | - Програма на тимот;<br>- Извештаи;<br>- Записници; |

| ИНТЕРНИ- УЧИЛИШНИ ПРОЕКТИ | | | |
|---|---|---|---|
| **ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:** | **РЕАЛИЗАТОРИ:** | **ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2017/2018:** | **ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛВАЦИЈА:** |
| **Изработка на База на инструменти за оценување и самооценување на ниво на стручни активи** | Тим за училишна политика на оценување и евалвација | - Дополнување на Базата на податоци и евалвација на истата; | - Извештаи; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Професионалоно и кариерна насочување на учениците** | Тим за професионално и кариерно насочување на учениците, ППС, Агенција за вработување- Битола, локална заедница | - Анкетирање на учениците од VIII и IX- мојата идна професија<br>- Координација и посета на вработени од Агенцијата за вработување<br>- Работилници со тимот и ППС,<br>- Посета на избрани професии од локалната заедница | - Записници од работата на тимот<br>- Извештаи од реализирани активности- Пополнети нкети од страна на учениците |
| **„Со соработка до квалитетни знаења“ (инклузивно образование)** | Тим од 5 члена: стручна служба и двајца наставници кои поминале обука за инклузивно образование. | - Воспоставување на процедури за системско следење на учениците со потешкотии и нивниот напредок; | Записник од реализиран состанок<br>Записници од реализирани состаноци со наставници и родители |
| **Проект за зголемена нагледност преку: Користење на ИКТ технологија (Смарт таблата)** | Тим за ИКТ во наставата | - апликација за изработка на тестови К-EDUKA,<br>- работилница за електронско аплицирање на проекти | - Записници од реализирани состаноци со наставници и родители<br>- Записници и годишни и полугодишни извештаи на стручни активи<br>- Извештаи за реализирани работилници |
| **Подобрување на хигиенско-техничките услови** | Тим за подобрување на хигиенско-техничките услови | - Увид во извештајот од пописната комисија<br>- Изготвување на преглед на постоечките наставни средства<br>- Анкета на потреби по кабинети и спортски сали<br>- Анализа на резултатите од анкетата<br>- Изготвување на предлог буџет | - Извештаи од состаноци на тимот<br>- Извештаи од пописната комисија<br>- Извештаи од состаноци на стручните активи<br>- Листа на постоечки наставни средства по кабинети |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | за набавка на материјално техничките ресурси<br>- Набвување на материјално-технички средства и материјали | - Пополнети анкети од страна на наставниците<br>- Изготвена анализа на состојбата<br>- Записници од состаноци<br>- Изготвен буџет за набавка на наставни средства,<br>- Испратници, фактури за набавени средства |
| **Обезбедување средства за реконструкција на дограмата на училиштето** | Тим за обезбедување средства за реконструкција на дограмата на училиштето | - Во тек е евалвацијата на апликацијата и очекување на резултатите од истата; | - Пополнета апликација; |
| **Зголемување на безбедноста на учениците во училиштето и надвор од него** | Тим за зголемување на безбедноста на учениците во училиштето и надвор од него | - Увид на лице место за тоа како изгледа сегашната состојба на покривот<br>- Изготвување на предлог буџет за изведување<br>- Презентација на предлог буџетот пред спонзори или локалната заедница | - Записници од состаноци на тимот<br>- План за материјално технички средства за обезбедување на сигурнота на влезот<br>- Записници од состаноци Изработен предлог проект<br>- Записници од состаноци Изработен предлог проект<br>- Записници |
| **Е- библиотека** | Тим за формирање на е-библиотека (библиотекари, наставници по македонски јазик, ученици, родители) | -Надополнување на библиотеката со нови изданија на е- книги;<br>-Обука за користење на е-библиотеката; | - Извештај од обуки;<br>- Извештаи на тимот за контрола на реализацијата на Годишната програма |
| **Промовирање на училиштето преку различни медиуми** | Тим за промоција на училиштето | - Ревидирање на тимот за одржување на WEB страната. | - Извештаи на задолжените тимови; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Евалвација на активностите од претходната година;<br>- Надминување на слабостите и имплементација на подобрени активности.<br>-Тековно ажурирање на FB-профилот;<br>- Ажурирање на старaната за еко-содржини; | |

| МЕЃУНАРОДНИ ПРОЕКТИ: | | | |
|---|---|---|---|
| ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: | РЕАЛИЗАТОРИ: | ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2017/2018: | ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛВАЦИЈА: |
| **Проекти со странски амбасади** | Училиште<br>Странски амбасади | Очекувани исходи од поднесените апликации за проекти за Германска и Јапонска Амбасада; | - Пополнети апликации; |
| **ACES ПРОЕКТ- COLORS OF LIFE- БОИТЕ НА ЖИВОТОТ** | Училиште<br>ACES АКАДЕМИЈА, НЦРИПУ, СУМНАЛ- Битола | - Состаноци со координативниот тим<br>- Состаноци со советот на родители<br>- Состаноци со човечките книги<br>- Отворање на човечката библиотека<br>- Евалвација на работата на човечката библиотека<br>- Тркалезна маса- презентација на прирачник од проектот и затворање на истиот | - Пополнета апликацја<br>- Записници од состаноци<br>- Фотографии од настани<br>- Извештаи<br>- Изработен прирачник |
| **KA2- ERASMUS+ ПРОЕКТ- COLORING THE FUTURE 2017/2019** | Училиште,<br>Основни училишта од Турција, Бугарија, Италија и Белгија | - Интернационални состаноци на координативниот тим<br>- Посета на училиштата вклучени во проектот | - Извештаи и записници од сите реалзирани проектни активности |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Изведување на предвидените игри во самиот проект | |
| **Меѓународни проекти со училишта од други земји** | Тим за прифаќање и имплементација на проекти во училиштето | О.У „Прота Матеја Недановиќ“, Ваљево, Србија | - Договор за соработка |

| ПРОЕКТИ ВО СОРАБОТКА СО НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР, ЛОКАЛНА И ДЕЛОВНА ЗАЕДНИЦА | | | |
|---|---|---|---|
| **ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:** | **РЕАЛИЗАТОРИ:** | **ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2017/2018:** | **ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛВАЦИЈА:** |
| **Проект: Активно учество на училиштето во активностите на локалната, деловната заедница и невладиниот сектор** | Засебни тимови за контакт и соработка со локалната, деловната заедница и невладиниот сектор. | - МКЦ- Битола,<br>- Фондација Чекор по чекор<br>- УСАИД<br>- Семпер- Битола<br>- Сумнал- Битола<br>- НЦРИПУ- Битола<br>- Ротари клуб- Битола | Потпишани меморандуми за соработка<br>Реализирани проекти, работилници |

| УЧИЛНИЧНИ ПРОЕКТИ: | | | |
|---|---|---|---|
| **ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:** | **РЕАЛИЗАТОРИ:** | **ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2017/2018:** | **ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛВАЦИЈА:** |
| **Индивидуални проекти**[4] | Наставници и ученици | Активностите си ги планира секој наставник индивидуално во своите планирања | - Планирања на наставниците<br>- Извештаи<br>- Изработени проекти (наставничко портфолио) |

[4] **Во овј дел се индивидуалните проекти на наставниците кои тековно произлегуваат со работата, се следат и се поднесуваат во вид на планирања и извештаи до тимот за предлагање и прифаќање на проекти како и во самото наставничко портфолио**

## Употреба на икт во наставата

Во денешно време, компјутерите претставуваат составен дел од училниците во основното образование. Тие се најмоќно средство за работа и извор на информации како за самите наставници, така и за учениците. Примената на ИКТ има за цел:

- Зголемување на компјутерската писменост кај учениците и наставниците ;
- Стимулирање на интересот на ученикот за наставниот предмет на начин кој не може да се постигне со традиционалните методи и форми на изведување настава;
- Зголемување на мотивацијата на ученикот за учење;
- Стекнување на знаења и вештини со користење на електронски наставни материјали;
- Олеснување на определени наставни содржини кои се тешки за совладување од страна на учениците;
- Будење желба за самостојна работа и истражување.

Нашето училиште располага со десктоп компјутери, Intel Classmate лаптопи, Intel Classmate таблети и 2 смарт табли. За работа со деца со потешкотии во учењето и со деца со посебни образовни потреби, се користат следните асистивни уреди: монитор на допир, 8 тастатури од кои 5 се со кирилично писмо и 3 со латинично писмо, 2 trackball, joystick, 2 одвоени клика, како и 2 едукативни софтвера. Истите се сместени во канцеларијата на дефектологот, а по потреба се распоредени и по училниците.

Во нашето училиште има 6 деца со посебни образовни потреби – наод и мислење, 3 со потешкотии во учењето и истите се само со мислење. Со овие ученици се работи според индивидуален образовен план (ИОП), изоставувајќи ги предметите: ликовно образование, музичко образование, техничко образование и физичко и здравствено образование. Само со еден ученик се работи според индивидуален образовен план (ИОП) за физичко образование,бидејќи станува збор за ученик кој е телесно инвалиден. Од првоодделенците кои се запишани во учебната 2017/2018 год., нема најава за наод и мислење и истите ќе бидат на опсервација од страна на дефектологот, бидејќи не се описменети. Доколку има дете со наод и мислење, ќе се започне со работа уште во I одд. Наставниците се едуцирани за употреба на ИКТ во наставата и истата максимално ќе ја интегрираат во своите годишни и тематско-процесни планирања.

Во табелата подолу е даден предлог распоред на активностите за учебната 2017/2018 година

| ПЛАНИРАНИ ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | РЕАЛИЗАТОР | МЕТОДИ И ПОСТАПКИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОЧЕКУВАНИ ЦЕЛИ И ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|
| **Изработка на програма за работа** | IX/2017 год. | Тим за употреба на ИКТ во наставата | тимска работа | Осмислување на активностите и целите коишто ќе ги реализира Тимот за употреба на ИКТ во учебната 2017/2018 год. |
| **Одржување на web страната на училиштето** | Во текот на учебната 2017/2018 год. | Кристина Лајмановска, Снежана Захариева, Гордана Анастасова, Атанас Пеев | практична работа | Транспарентно информирање за работата на училиштето |
| | Англиски јазик | ELTAM- Општински натпревар во организација на друштвото на наставници по англиски јазик<br>ELTAM- Регионален натпревар во организација на друштвото на наставници по англиски јазик |
| **МАЈ** | Техничко образование | Народна техника-Општински сојуз на здруженија за техничка култура<br>Народна техника на Македонија- Сојуз на клубови на млади техничари и природници на Македонија |
| | ФЗО | Државни спортски игри- одбојка, ракомет, кошарка, футсал, фудбал и атлетика |
| | Македонски јазик | |
| | Хемија | Државен натпревар- Народна техника |
| | Математика | Државен натпревар по математика- СММ<br>Мала математичка олимпијада- СММ |
| | Физика | Државен натпревар по физика- Друштво на физичари<br>Државен натпревар по физика- Народна техника |
| | Англиски јазик | ELTAM- Државен натпревар во организација на друштвото на наставници по англиски јазик |
| **ЈУНИ** | Математика | Математичка балканијада |

*Во текот на учебната година Програмата може да се дополни или измени.

## Годишна програма за работата на тимот на училишната заедница

**ЦЕЛИ:**

1. Да се зголеми соработката и комуникацијата помеѓу учениците;
2. Зголемена информираност на учениците во донесувањето одлуки во училиштето кои ги засегнуваат нивните интереси;
3. Активно вклучување на учениците во решавањето проблеми и конфликти;
4. Организирање на активности за промоција на училиштето и претприемништвото;
5. Зголемена комуникација со менаџментот и стручната служба на училиштето.

| ПЛАНИРАНИ ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | РЕАЛИЗАТОР | МЕТОДИ И ПОСТАПКИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОЧЕКУВАНИ ЦЕЛИ И ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|
| • **Како се гради Училишната задница (УЗ) – нејзино формирање, функционирање и програма**<br>• **Запознавање со правилници, кодекси, Куќен ред на училиштето**<br>• **Приредба за прием на првачињата** | IX/2017 | -одговорен наставник<br>-одговорни наставници - ученици | • Формирање на Тим за успешна работа на училишната заедница, објаснување на начинот на кој функционира УЗ и нејзината програма,<br>• Запознавање на учениците со правилниците и кодексите на однесување внатре и надвор од училиштето, како и со Куќниот ред на училиштето,<br>• Свечено да се одбележи почетокот на учебната година | • Дефинирање на улогата и одговорностите на УЗ, поттикнување на учениците да се здружуваат во посебни, ученички тела,<br>• Поттинување на убаво однесување на учениците кон нивните соученици, како и кон наставниците во училиштето,<br>• Развивање на позитивен однос на првачињата кон училиштето и училишните активности |
| • **Акција за собирање униформи и училиштен прибор за социјално згрижените ученици** | X/2017 | наставник ученички тим директор | • Да се обезбеди помош за социјално згрижените ученици,<br>• Состанување на директор / или ППС со учениците, | • Поттикнување на хуманоста на учениците,<br>• Зголемено информирање на учениците во решавањето на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| • **Разговори и информирање со стручните служби и директорот**<br>• **Одбележување на Светскиот ден на храната** | | психолог<br>педагог | • Организирање на хепенинг за здрава храна<br>• Радиоемитување за пристапот на луѓето до храна и чиста вода за пиење низ цел свет | проблемите,<br>• Подигнување на свеста на учениците за тоа дека имањето храна и чиста вода за пиење не е достапно за секој |
| • **Акција за подарување (посета на Домот за стари лица СЈУ РАЈДЕР)**<br>• **Разгледување на Правилникот за педагошки мерки**<br>• **Познавање на основните човекови права –ОЖВ-Права и обврски на**<br>• **учениците (секој претседател работи**<br>• **во сопствена паралелка)** | XI/2017 | наставник<br>ученички<br>тим<br>директор<br>психолог<br>педагог | • Организирање на креативна работилница за изработка на подароци и нивно подарување на старите и изнемоштени лица од домот СЈУ РАЈДЕР,<br>• Дискусија за Правилникот на педагошки мерки со учениците и негово дополнување,<br>• Запознавање со правата и обврските на учениците во училиштето. | • Развивање на дружењето и креативните умеења кај учениците,<br>• Вклучување на учениците во дефинирањето на критериумите за педагошки мерки,<br>• Правата и обврските на учениците од ученички агол |
| • **Подготовки за реализација на програмата за прослава на Патронот празник**<br>• **Украсување на училниците и училишниот хол со новогодишни украси**<br>• **Претприемачки активности**<br>• **новогодишен пазар** | XII/2017 | наставник<br>ученички<br>тим<br>директор<br>психолог<br>педагог | • Вклучување на Училишната заедница во прославата на Патронот празник,<br>• Украсување на училиштето и училниците со новогодишни украси<br>• Организирање на новогодишен хепенинг | • Што поуспешно спроведување на активностите,<br>• Зголемување на дружењето помеѓу учениците и нивната креативност,<br>• Зголемено развивање на чувство за претприемништво |
| • **Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот на првото полугодие**<br>• **Разговори и информирање** | I/2018 | наставник<br>ученички<br>тим<br>директор<br>психолог | • Активности за подобрување на успехот на учениците,<br>• Состанување на директор / или ППС со учениците | • Подобрување на успехот, поведението и редовноста на учениците,<br>• Зголемено информирање на учениците во решавањето на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **со стручните служби и директорот** | | педагог | | проблемите |
| 1. **Одбележување на Св. Валентин и Св. Трифун**<br>2. **Одбележување на Интернационалниот ден на жените и девојките во науката**<br>3. **Разговори и информирање со стручните служби и директорот** | II/2018 | одговорни наставници<br>ученици<br>директор<br>психолог<br>педагог | • Постер-презентација за различните начини на одбележување на Св. Валентин и Св. Трифун кај нас и во светот.<br>• Презентација на минати и сегашни научни достигнувања на жени-научници.<br>• Состанување на директор / или ППС со учениците. | • Запознавање на учениците со различните обичаи на прославување,<br>• Зголемување на интересот на учениците кон науката,<br>• Зголемено информирање на учениците во решавање на проблеми |
| 1. **Активности по повод 21˙ Март (Денот на екологијата)**<br>2. **Организирање на ликовно-литературен конкурс**<br>3. **Разговори и информирање со стручните служби и директорот** | III/2018 | наставник<br>ученички тим<br>директор<br>психолог<br>педагог | • Вклучување на учениците во засадување на садници во училишиот двор.<br>• Вклучување на учениците во изработка на цртежи и литературни творби на зададена тема.<br>• Состанување на директор / или ППС со учениците. | • Поголема ангажираност на учениците во еколошки активности,<br>• Развивање на ученичката креативност,<br>• Развивање на свеста за ефектите кои се резултат од насилството и ненасилството,<br>• Зголемено информирање на учениците во решавање на проблеми. |
| 1. **Активности по повод 1˙ Април (Денот на шегата)**<br>2. **Разговори и информирање со стручните служби и директорот**<br>3. **Претприемачки активности – Велигденски панаѓур** | IV/2018 | наставник<br>ученички тим<br>директор<br>психолог<br>педагог | • Презентирање на најубава маска.<br>• Состанување на директор / или ППС со учениците.<br>• Организирање на Велигденски хепенинг | • Поттикнување на креативноста и хуморот кај учениците,<br>• Зголемено информирање на учениците во решавање на проблемите,<br>• Зголемено развивање на чувство за претприемништво |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | кај учениците |
| 1. **Активности околу организирањето на полуматурската забава**<br>2. **Разговори и информирање со стручните служби и директорот**<br>• **Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот на училишната година** | V/2018 | наставник ученички тим | • Вклучување на учениците во организирањето на полуматурската забава.<br>• Состанување на директор / или ППС со учениците.<br>• Активности за подобрување на успехот на ученици те | • Оспособување на учениците за организирање на прослави,<br>• Зголемено информирање на учениците во решавањето на проблемите,<br>• Подобрување на успехот, поведението и редовността на учениците |
| 1. **Изготвување на извештај за работата на Училишната заедница, предлози за следната година** | VI/2018 | одговорни наставници ученички тим | • Да се забележат сите активности на Училишната заедница | • Запознавање на училиштето со работата на Училишната заедница |

***Во текот на учебната година Програмата може да се дополни или измени.**

## Постигања на учениците

Планирањето на оценувањето на ниво на училиштето и неговата реализација е многу значаен процес кој директно придонесува за подобрување на постигањата на учениците.

- Користењето објективни тестови на знаење како метод за оценување на постигнатоста на наставните цели, ќе придонесе за добивање на објективни податоци за постигањата на учениците во учењето.Со подготовката на објективни тестови, наставниците ќе имаат подетален увид во постигнатоста на наставните цели и напредокот во учењето кај учениците. Евалуацијата на тестовите ќе придонесе за квалитетот на прашањата во објективните тестови, а преку тоа ќе ја зголеми мотивацијата за учење кај учениците.
- Во текот на учебната година, се следат постигањата на учениците, нивната редовност и поведение. Се прави анализа на успехот и, по предметите по кои учениците постигнуваат послаби резултати, се организира дополнителна настава. Се идентификуваат учениците со потешкотии во учењето и со нив Стручната служба обавува советодавни разговори , ги упатува на ефикасни техники на учење и градење на работни навики. Исто така, се идентификуваат и надарените ученици на кои, преку додатната настава, им се овозможува да ги проширувaат и продлабочуваат знаењата и да учествуваат на натпревари.
- Училиштето креира политика за поттикнување на наставниците и учениците за што поголемо учество на натпревари на локално, регионално и државно ниво.
- Во рамките на активностите за подобрување на постигањата на учениците, родителите на учениците кои имаат слаби оцени, се повикуваат на советување кај психологот на училиштето. Покрај непосредно, учениците и индиректно добиваат совети како поефикасно да учат и поуспешно да го совладаат наставниот материјал.
- Исто така, редовната настава во континуитет се унапредува со нови проекти, техники и методи на работа.
- Училиштето има развиен систем на наградување на учениците и наставниците. Во месец мај, се организира свеченост на која учениците кои постигнале или освоиле високи резултати на организирани натпревари на знаења или на натпревари од воннаставни активности, се наградуваат со пофалници и дипломи , како и со скромни подароци.
- Постигањата на учениците се промовираат во самото училиште (огласна табла, разглас, училиштен весник) и надвор од училиштето (на web страната на училиштето, на фејсбук профилот на училиштето, во весници, телевизии...)

**Одговорен наставник: М-р Маја Мијајловиќ**

## Програма за работа на детската организација

| СОДРЖИНА | ЦЕЛИ | РЕАЛИЗАТОР | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|
| Свечен прием на учениците од прво одделение со пригодна програма | Формирање на паралелките и запознавње со одделенските раководители на првоодделенците | ОУ.„Св.Климент Охридски“ – Битола | 01.09.2017 | Формирање позитивен впечаток при стапувањето на децата во јавна установа |
| Прием на првачињата во детската организација на Македонија со свечена заклетва. Посета на јавна јавна установа – Дом за деца без родители - | По повод Светскиот ден на детето, Денот на детето и Детската недела да им се посвети посебно внимание на децата во Р.Македонија со цел да се види што е сторено и што треба да се превземе за подобрување на грижата и заштитата на децата. | ОУ.„Св.Климент Охридски“ – Битола, во соработка со Сојузот за грижа и воспитување на децата во Р.Македонија | Првата недела од месец Октомври 02-06.10.2017 | Прием на првачињата во Детскта организација на Р.Македонија, по повод Светскиот ден на детето, низ низа активности во првата недела од месец октомври. |
| Творечка акција. Недовршен расказ на теми Екологијата и сообраќајот. | Творечка акција од особен интерес и во полза за доброто на децата и државата. | ОУ.„Св.Климент Охридски“ – Битола, во соработка со Сојузот за грижа и воспитување на децата во Р.Македонија и Советот за безбедност на сообраќајот на патиштата на Р.М | Април 2018 | Акцијата да им овозможи на децата со помош на својата фантазијата да понудат најразлични решенија на дадените теми. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Фестивал на детското поетско творештво на Македонија „Детски лирски треперења“ | Творечка акција од особен интерес и во полза за доброто на децата и државата. | ОУ.„Св.Климент Охридски“ – Битола, во соработка со Сојузот за грижа и воспитување на децата во Р.Македонија и Струшките вечери на поезијата | Април-Мај 2018 | Можност за присуство на отварањето на Струшките вечери на поезијата, детско поетско матине, средба со писател, детска поетска лабараторија, крајзерска поетска вечер и други активности |

Напомена: Програмата на детската организација во текот на учебната година може да претрпи изменување и дополнување, зависно од актуелноста на одредени прашања и проблеми.

Координатори: Билјана Јованоска

## Програма за екскурзии и други слободни активности за учебната 2017/18 година

### *Излет со учениците од I до IX одделение*

1. Воспитно-образовни цели
    - рекреативен карактер
    - заедничко дружење и подобрување на меѓуученичките односи
    - стекнување на нови пријателства
    - директно/непосредно запознавање на учениците со објекти од локалната средина
    - согледување на влијанието на човекот врз природата и објектите
    - развивање на просторната логика
    - развивање на способности за набљудување, запазување и воочување на природни и општествени предмети, облици, појави и процеси
    - развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење
2. Задачи
    - подигнување на еколошката култура кај учениците и градење на позитивен однос кон природата
    - спознавање на природата, околината и себе си
    - можност за запознавање со локалната и регионалната средина
    - изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот
    - јакнење на социјализацијата, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе
    - идентификување на предностите, проблемите и критичко размислување за улогата на човекот во животната и природната средина
3. Содржини и активности
    - екскурзија од воспитно-рекреативен карактер
    - запознавање со објекти и појави во природата
    - развивање на интерес за спортски активности и рекреација
    - градење на еколошки навики
    - разгледување на културно-историските знаменитости
    - поврзување на теоријата со праксата
4. Раководител, наставници, ученици
    - Директорот на училиштето
    - Сите наставници и сите ученици
5. Времетраење
    - еден ден (есен/пролет)
6. Локации за посета и правците на патување

- Блиска околина (Голема ливада, Смолево или Цапари)

7. Техничка организација
    - Слободната ученичка активност ќе се реализира според претходно распишан тендер на кој ќе конкурираат овластени туристички агенции кои ги исполнуваат условите согласно членовите 22, 23, 24 и 26 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и останати слободни ученички активности.
8. Начин на финансирање
    - Родителите на учениците ја финансираат реализацијата на екскурзијата
9. Извештај од реализираната слободна ученичка активност
    - Согласно член 28 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и останати слободни ученички активности, во рок од најмногу три дена по реализираната активност стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

### *Екскурзија со учениците од III одделение*

1. Воспитно-образовни цели
    - запознавање со културно историските споменици и природните убавини на Р. Македонија
    - заедничко дружење и зацврстување на меѓуученичките односи
    - запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви (поврзување со наставната програма по предметот запознавање со околината)
    - развивање способност за набљудување, запазување и воочување на предмети, облици, појави и процеси
2. Задачи
    - развивање на позитивен однос кон националните, културните и природните богатства на Р. Македонија
    - градење чувство на патриотизам, толеранција и соживот
    - социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе
    - изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот
    - развивање способности и вештини за ориентација во просторот
    - развивање на патриотизам, социјализација, солидарност, другарство, хуманост и сл
    - создавање можности за продлабочување, проширување, збогатување и проверување на теоретското знаење
    - идентификување на предностите, проблемите и критичко размислување за улогата на човекот во животната и природната средина
    - подигнување на еколошката култура и свест кај учениците
3. Содржини и активности

- посета на културно-историските споменици
- запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви
- запознавање со природните богатства на Р. Македонија
- поврзување на теоријата со праксата

4. Раководител, наставници, ученици
   - Претседател на одделенски совет на III одделение
   - Одделенските наставници од III одделение и учениците од III одделение
5. Времетраење
   - еден ден
6. Локации за посета и правците на патување
   - Дебар (посета на манастирскиот комплекс Св. Јован Бигорски, Косовраски бањи, ХЕЦ Шпиље), Струга ( посета на Вевчанските извори и Природнонаучниот музеј), Охрид ( посета на Антички театар, Плаошник и Самоилова тврдина, Црква „Св. Софија“ – Охрид, Црква „Св. Јован Богослов“ – Канео, Манастир „Св. Наум Охридски“)
7. Техничка организација
   - Екскурзијата ќе се реализира според претходно распишан тендер на кој ќе конкурираат овластени туристички агенции кои ги исполнуваат условите согласно членовите 22, 23, 24 и 26 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и останати слободни ученички активности.
8. Начин на финансирање
   - Родителите на учениците ја финансираат реализацијата на екскурзијата
9. Извештај од реализираната екскурзија
   - Согласно член 28 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и останати слободни ученички активности, во рок од најмногу три дена по реализираната активност стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

### *Настава во природа со учениците од V одделение*

1. Воспитно-образовни цели
   - реализирање на образовните задачи кои ќе бидат планирани за тој период според наставниот план и програма (доставени во програмата)
   - стекнување на хигиенски навики како и формирање на навики за организирано користење на слободното време
   - развивање и стекнување на еколошки навики
   - заедничко дружење и стекнување на нови пријателства што придонесува за социјализација на личноста
   - развивање и негување на колективен живот и другарски односи како и прилагодување на личните интереси, потреби и желби кон интересите, потребите и желбите на колективот

- развивање способност за набљудување, запазување и воочување на предмети, облици, појави и процеси
- изворно да се запознаат со предметите и појавите во природната и животната средина
- создавање можности за продлабочување, проширување, збогатување и проверување на теоретското знаење
- создавање на можност за истражување при што се поттикнува развојот на самостојноста кај учениците
- се стимулира нивната љубопитност, како и можноста стекнатото знаење од училница да се примени во конкретни ситуации на терен
- јакнење на работа во групи, парови и индивидуално
- јакнење на упорноста, истрајноста и одговорноста
- почитување на знаењето и искуството на повозрасните
- развивање смисла за убаво, градење на позитивен односи и љубов кон природата и природните убавини
- стекнување на трајни знаења како и поголема практична применливост и функционалност

2. Задачи

- реализирање на образовните задачи предвидени согласно наставните програми
- стекнување на нови знаења, претстави и поими
- развивање на позитивен однос кон природата и стекнување на еколошки навики
- наставата придонесува за стекнување на квалитетни и трајни знаења како и можност да се изврши систематизирање и проверка на знаењата преку набљудување, опити, експерименти и истражувања
- овозможува развој на организацски способности, самостојност, одговорност како карактерни особини на учениците

3. Содржини и активности

- екскурзија од научен и рекреативен карактер
- поедини содржини се обработуваат во природни услови
- учениците го поврзуваат знаењето со природата и животот воопшто
- се развива интересот на учениците за проучување на живата природа
- поволно влијае на развојот на самостојното набљудување и придонесува за активност на ученикот за проучување и истражување на непосредната околина
- се интензивираат интелектуалните и емотивни доживувања на ученикот
- градење на еколошки навики
- систематизирање на стекнатото знаење

теми-наставни подрачја кои ќе бидат опфатени при наставата во природа

- (Образование, екологија, лековити и ароматични растенија, спорт и рекреација, ликовна и музичка култура, разонода и забава, производно корисна и друга работа)

теми за истражување при реализацијата на наставата во природа

(животот и работата на луѓето во крајот-фолклор, традиции и обичаи)
(Охридско или Преспанско Езеро-македонско слатководно море и неговиот жив свет, водата услов за живот и животна средина, изработка на хербариум)

Распоред на часови при реализацијата на настава во природа

| ПЛАН ЗА РАБОТА | |
|---|---|
| ДЕН | НАСТАВЕН ПЛАН И ПРОГРАМА |
| 1 | 1 час Општество<br>Наставна содржина: Културно наследство, Споменици на културата (посета на Домот на културата „Драги Тозија“ во османлиски период познат како сарајот на Нијази бег)<br>2 час Македонски јазик<br>Наставна содржина: Говорна вежба (Впечатоци од моето патување и набљудување)<br>3 час Физичко и здравствено образование,<br>Наставна содржина: Одбојка, меѓуодделенски спортски игри<br>4 час Музичко образование<br>Наставна содржина: Народни ора и танци |
| 2 | 1 час Природни науки<br>Наставна содржина: Водна животна заедница<br>2 час Општество<br>Наставна содржина: Истражување<br>3 час Македонски јазик<br>Наставна содржина: Писмена вежба „Опис на езерото“<br>4 час Ликовно образование<br>Наставна содржина: Цртање на езерото<br>5 час Математика Задачи мерки за плоштина<br>Наставна содржина: Задачи мерки за плоштина (Собирање и одземање на мерките за должина и течност)<br>6 час Музичко образование натпревар во пеење<br>Наставна содржина:Натпревар во пеење |
| 3 | 1 час Општество<br>Наставна содржина: Природните убавини на Македонија,<br>2 час Ликовно образование<br>Наставна содржина: Цртање според извршеното набљудување<br>3. час Македонски јазик<br>Наставна содржина: Писмено изразување „Живиот свет раскажува“<br>4 час Математика<br>Наставна содржина: Бројни изрази Комбинирани задачи со примена на математички операции<br>5 час Физичко и здравствено образование<br>Наставна содржина: Одбојка, меѓуодделенски спортски игри<br>6 час Творештво<br>Наставна содржина: Забава под маски |
| 4 | 1 час Природни науки<br>Наставна содржина: Водна и копнена животна заедница (изработка на хербариум) |

| | |
|---|---|
| | 2 час Природни науки<br>Наставна содржина: Водна и копнена животна заедница (изработка на хербариум)<br>3 час Ликовно образование<br>Наставна содржина: Цртање на растителниот свет<br>4 час Математика<br>Наставна содржина: Работа со податоците-истражување (средување на податоците)<br>5 час Физичко и здравствено образование<br>Наставна содржина: финални натпревари од спортските меѓуодделенски игри<br>6 час Творештво<br>Наставна содржина: „Што умеам јас“, избор на таленти |
| 5 | 1. час Општество<br>Наставна содржина: Природните убавини на Македонија<br>2 час Општество<br>Наставна содржина: Природните убавини на Македонија |

| ПЛАН ЗА РАБОТА: | | | |
|---|---|---|---|
| ДЕН | ПРЕТПЛАДНЕ | ПОПЛАДНЕ | ПО ВЕЧЕРА |
| 1. | - Поаѓање од училиштето и посета на градот Ресен разгледување на градот со посета на Домот на културата „Драги Тозија“ во османлиски период познат како сарајот на Ниајзи бег | - Пристигнување и сместување во детското одморалиште<br>- Спорт и рекреација | - Претставување на делот за забавна програма |
| 2. | - Посета на плажата и разгледување на растителниот и животинскиот свет<br>- Охридското Езеро /Преспанско Езеро и неговото настанување (легенда) загадување, екологија, флората и фауната во езертото и покрај него (истражување) | - Писмена вежба „опис на езерото“<br>- Цртање на езерото<br>- Собирање и одземање на мерките за должина и течност<br>- Спорт и рекреација | - Учество на натпревар „Златен глас“ |
| 3. | - Посета на околината и набљудување на природните убавини<br>- Цртање според извршеното набљудување | - Истражување: животинскиот свет во водата и покрај водата<br>- Пишување на извешатај од истражувањето<br>- Живиот свет раскажува-писмено изразување<br>- Комбинирани задачи со примена на математички операции<br>- Спорт и рекреација | - Пеење народни песни со народно оро |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | - Истражување на растителниот свет во водата и покрај неа<br>- Собирање на различни видови растенија и воочување на нивните услови за живот<br>- Цртање на растителниот свет | - Работа со податоците-истражување (средување на податоците и извештај од истражувањето)<br>- Разгледување на туристички објекти<br>- Спорт и рекреација | - Учество во културно забавниот живот (избор на мис и мистер) |
| 5. | - Посета на сите културно историски споменици кои се наоѓаат во близина | - Пристигнување во Битола | |

4. Раководител, наставници, ученици
    - Раководител на наставата во природа ќе биди претседателот на Одделенскиот совет на V одделение
    - Одделенските наставници од V одделение и учениците од V одделение
5. Времетраење
    - Пет дена, во текот на месец април или мај .
6. Локации за посета и правците на патување
    - Наставата во природа ќе се реализира во детско одморалиште кое ги исполнува нормативите пропишани во правилникот доставен од страна на БРО, а се наоѓа на Преспанското или Охридското Езеро
    - Запознавање со објекти, населени места и локалитети за време на наставата во природа кои гравитираат во близина на одморалиштето во кое се сместени учениците.
7. Техничка организација
    - Слободната ученичка активност ќе се реализира според претходно распишан тендер на кој ќе конкурираат овластени туристички агенции кои ги исполнуваат условите согласно членовите 22, 23, 24 и 26 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и останати слободни ученички активности.
8. Начин на финансирање
    - Родителите на учениците ја финансираат реализацијата на наставата во природа
9. Извештај од реализираната слободна ученичка активност
    - Согласно член 28 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и останати слободни ученички активности, во рок од најмногу три дена по реализираната активност стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

*Летна школа со учениците од VI до IX одделение*

1. Воспитно-образовни цели

- Рекреативно-образовен карактер
- развивање смисла за убаво, градење на позитивен односи и љубов кон природата и природните убавини
- развивање и стекнување на еколошки навики
- стекнување на хигиенски навики како и формирање на навики за организирано користење на слободното време
- се интензивираат интелектуалните и емотивни доживувања на ученикот
- развивање на солидарност, другарство и хуманост
- јакнење на упорноста, истрајноста и одговорноста
- заедничко дружење и стекнување на нови пријателства што придонесува за социјализација на личноста
- развивање и негување на колективен живот и другарски односи како и прилагодување на личните интереси, потреби и желби кон интересите, потребите и желбите на колективот
- јакнење на социјализацијата, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе
- создавање на можност за истражување при што се поттикнува развојот на самостојноста на учениците
- изворно да се запознаат со предметите и појавите во природната и животната средина
- развивање на способности за набљудување, запазување и воочување на природни и општествени предмети, облици, појави и процеси
- се стимулира нивната љубопитност, како и можноста стекнатото знаење од училница да се примени во конкретни ситуации на терен
- јакнење на работа во групи, парови и индивидуално
- почитување на знаењето и искуството на повозрасните
- стекнување на трајни знаења како и поголема практична применливост и функционалност

2. Задачи

- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање на навики за здраво живеење
- јакнење на упорноста, истрајноста и одговорноста;
- развивање смисла за убаво, љубов кон природата и природните убавини како и кон културно-историските споменици
- развивање на еколошка свест со акцент на значењето на водата
- развивање на позитивен однос кон природата и водата
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции
- овозможува развој на организацски способности, самостојност, одговорност како карактерни особини на учениците

3. Содржини и активности

- летен камп од рекреативен карактер за учениците од VI до IX одд.
- реализирање на обука за пливање (курс за почетници и напреден курс)

- реализација на други спортски активности (кошарка, фудбал, одбојка)
- посета на културно-историски споменици во блиската околина
- запознавање со природните убавини и богатства во блиската околина
- градење на еколошки навики

*Програма за кампување*

Прв ден
11:00 Тргнување за авто камп Крани,
12:00 Сместување
13:30-15:00 Ручек
прошетка до плажата и запознавање со објектите кои стојат на располагање
20:00 Вечера
21:00 Запознавање на учениците со програмата
21:30 Забава, Учество на натпревар „Златен глас“
Втор ден
07:00 Будење (рекреативни активности, прошетка, вежби)
08:00 Доручек
09:30-11:30 Обука за пливање (работа во групи)
12:00-13:00 Историски час
13:30-15:00 Ручек
15:00-17:00 Одмор
17:00-19:30 Турнир за фудбал, кошарка. одбојка
20:00 Вечера
21:00 Забава под маски
Трет ден
07:00 Будење (рекреативни активности, прошетка, вежби)
08:00 Доручек
09:30-11:30 Обука за пливање
12:00-13:00 Историски час
13:30-15:00 Ручек
15:00-17:00 Одмор
17:00-19:30 Турнир за фудбал, кошарка. одбојка
20:00 Вечера
21:00 Забава „Што умеам јас“, избор на таленти
Четврт ден
07:00 Будење (рекреативни активности, прошетка, вежби)
08:00 Доручек
09:30-13:00 Организирана прошетка до локалитет со историско значење
13:30-15:00 Ручек
15:00-17:00 Одмор
17:00-19:30 Турнир за фудбал, кошарка. одбојка
20:00 Вечера
21:00 Забава караоке шоу
Петти ден
07:00 Будење (рекреативни активности, прошетка, вежби)
08:00 Доручек
09:30-11:30 Школа за пливање
12:00-13:00 Историски час
13:30-15:00 Ручек
15:00-17:00 Одмор
17:00-19:30 Организирана посета на локалитет со историско значење
20:00 Вечера
21:00 Забава
Шести ден
07:00 Будење (рекреативни активности, прошетка, вежби)
08:00 Доручек
09:30-11:30 Школа за пливање
12:00-13:00 Историски час
13:30-15:00 Ручек
15:00-17:00 Одмор
17:00-19:30 Финален ден за турнирите во фудбал, кошарка. одбојка

20:00 Вечера
21:00 Забава
Седми ден
08:30 Будење (рекреативни активности, прошетка, вежби)
09:30 Доручек
подготовки за враќање во Битола
попатно посета на Ресен и на дел од знаменитостите на градот

4. Раководител, наставници, ученици
   - Раководител на кампот е наставник по Физичко и здравствено образование
   - Наставници и ученици од VI до IX одд
5. Времетраење
   - Седум дена (во периодот од јуни до крајот на месец август)
6. Локации за посета и правците на патување
   - Ќе се определи место кое ги исполнува стандардите предвидени согласно Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и останати слободни ученички активности.
7. Техничка организација
   - Екскурзијата ќе се реализира според претходно распишан тендер на кој ќе конкурираат овластени туристички агенции кои ги исполнуваат условите согласно членовите 22, 23, 24 и  26 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и останати слободни ученички активности.
8. Начин на финансирање
   - Родителите на учениците го финансираат реализирањето на летниот камп
9. Извештај од реализираната слободна ученичка активност
   - Согласно член 28 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и останати слободни ученички активности, во рок од најмногу три дена по реализираната активност стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

## *Екскурзија со учениците од VI одделение*

1. Воспитно-образовни цели
   - запознавање со културно историски споменици и природните богатства во Р. Македонија (поврзување со наставниот материјал по предметите историја, запозанавање со религиите, природни науки и техника, македонски јазик, ликовно образование, музичко образование)
   - посета на населени места и проучување на стопански дејности на населението во тие места
   - запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви
   - создавање можности за продлабочување, проширување, збогатување и проверување на теоретското знаење
   - заедничко дружење и стекнување на нови пријателства

- директно/непосредно запознавање на учениците со објекти од локалната средина
- согледување на влијанието на човекот врз природата и објектите
- развивање на просторната логика
- развивање на способности за набљудување, запазување и воочување на природни и општествени предмети, облици, појави и процеси
- изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот

2. Задачи
- изучување, истражување, развивање на интерес за природните убавини
- развивање на позитивен однос кон националните, културните и природните богатства на Р. Македонија
- градење на чувство на патриотизам, толеранција, соживот солидарност, другарство, хуманост и сл
- зацврстување на меѓуученичките односи
- развивање способности и вештини за ориентација во просторот
- подигнување на еколошката култура кај учениците
- спознавање на природата, околината и себе си
- јакнење на социјализацијата, колективна заштита
- идентификување на предностите, проблемите и критичко размислување за улогата на човекот во животната и природната средина
- создавање можности за продлабочување, проширување, збогатување и проверување на теоретското знаење

3. Содржини и активности
- екскурзија од научен и рекреативен карактер за учениците од VI деветолетка
- запознавање со објекти и појави во природата
- градење на еколошки навики
- разгледување на културно-историските знаменитости
- следење на континуитетот на македонската историја од антика па до најново време
- поврзување на теоријата со праксата
- развојот на самостојното набљудување и активност на ученикот за проучување на непосредната околина
- систематизирање на стекнатото знаење

4. Раководител, наставници, ученици
- Претседател на одделенскиот совет на VI одделение
- Одделенските раководители на VI одделение и ученици од VI одделение

5. Времетраење
- Два дена ( во текот на месец мај)

6. Локации за посета и правците на патување
- ПРВ ДЕН *Битола-Охрид* (посета и разгледување на Самоиловата тврдина, античкиот театар и Плаошник), *Струга* (посета на Вевчанските извори и

Природнонаучниот музеј), *Дебар* ( посета на ХЕЦ Шпиље, Косовраските бањи, Св. Јован Бигорски), НОЌЕВАЊЕ во *Маврово*. ВТОР ДЕН *Скопје* (посета и разгледување на кањонот на Матка, Скопското кале, Црква „Св. Спас, Аеродром „Александар Велики“), *Кавадарци* (посета на античкиот локалитет Стоби, Фени, ХЕЦ Тиквеш), пристигнување во Битола во попладневните часови.

7. Техничка организација
   - Екскурзијата ќе се реализира според претходно распишан тендер на кој ќе конкурираат овластени туристички агенции кои ги исполнуваат условите согласно членовите 22, 23, 24 и 26 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и останати слободни ученички активности.
8. Начин на финансирање
   - Родителите на учениците ја финансираат реализацијата на екскурзијата
9. Извештај од реализираната екскурзија
   - Согласно член 28 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и останати слободни ученички активности, во рок од најмногу три дена по реализираната активност стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

*Екскурзија со учениците од IX одделение*

1. Воспитно-образовни цели
   - запознавање со културно историски споменици и природните богатства во Р. Македонија (поврзување со наставниот материјал по предметите историја, географија, биологија, македонски јазик, хемија, физика ликовно образование, музичко образование)
   - посета на населени места и проучување на стопански дејности на населението во тие места
   - запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви
   - создавање можности за продлабочување, проширување, збогатување и проверување на теоретското знаење
   - заедничко дружење и стекнување на нови пријателства
   - директно/непосредно запознавање на учениците со објекти од локалната средина
   - согледување на влијанието на човекот врз природата и објектите
   - развивање на просторната логика
   - развивање на способности за набљудување, запазување и воочување на природни и општествени предмети, облици, појави и процеси
2. Задачи
   - изучување, истражување, развивање на интерес за природните убавини
   - социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе
   - развивање на позитивен однос кон националните, културните и природните богатства на Р. Македонија

- градење на чувство на патриотизам, толеранција, соживот солидарност, другарство, хуманост и сл
- зацврстување на меѓуученичките односи
- развивање способности и вештини за ориентација во просторот
- подигнување на еколошката култура кај учениците
- спознавање на природата, околината и себе си
- изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот
- идентификување на предностите, проблемите и критичко размислување за улогата на човекот во животната и природната средина
- создавање можности за продлабочување, проширување, збогатување и проверување на теоретското знаење

3. <u>Содржини и активности</u>
   - екскурзија од научен и рекреативен карактер за учениците од завршното одделение
   - запознавање со објекти и појави во природата
   - градење на еколошки навики
   - разгледување на културно-историските знаменитости
   - следење на континуитетот на македонската историја од антика па до најново време
   - поврзување на теоријата со праксата
   - развојот на самостојното набљудување и активност на ученикот за проучување на непосредната околина
   - систематизирање на стекнатото знаење
4. <u>Раководител, наставници, ученици</u>
   - Претседател на одделенскиот совет за IX одделение
   - Одделенските раководители на IX одделение и ученици од IX одделение
5. <u>Времетраење</u>
   - три дена (прва половина на месец октомври)
6. <u>Локации за посета и правците на патување</u>
   - <u>ПРВ ДЕН</u> <u>*Битола-Охрид*</u> (посета и разгледување на Самоиловата тврдина, античкиот театар и Плаошник), <u>*Струга*</u> (посета на Вевчанските извори и природнонаучниот музеј), <u>*Дебар*</u> (ХЕЦ Шпиље, Косовраските бањи, Св. Јован бигорски), <u>НОЌЕВАЊЕ</u> во <u>*Маврово*</u>. <u>ВТОР ДЕН</u> <u>*Скопје*</u> (разгледување на кањонот на Матка, Скупи, Скопското кале, Музејски комплекс Македонска борба, Меморијален музеј на холокаустот), <u>*Струмица*</u> <u>НОЌЕВАЊЕ</u> во <u>*Цар Самоил*</u>, <u>ТРЕТ ДЕН</u> <u>*Струмица*</u> (посета на колешински и смоларски водопади), <u>*Дојран*</u> (Вардарски рид), <u>*Кавадарци*</u> (посета на античкиот локалитет Стоби, Фени, ХЕЦ Тиквеш) во попладневните часови се предвуува пристигнување во Битола.
7. <u>Техничка организација</u>
   - Екскурзијата ќе се реализира според претходно распишан тендер на кој ќе конкурираат овластени туристички агенции кои ги исполнуваат условите

согласно членовите 22, 23, 24 и  26 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и останати слободни ученички активности.

8. Начин на финансирање

- Родителите на учениците ја финансираат реализацијата на екскурзијата

9. Извештај од реализираната слободна ученичка активност

- Согласно член 28 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и останати слободни ученички активности, во рок од најмногу три дена по реализираната активност стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

Програмата е изработена од комисија во која беа вклучени наставниците:

Александар Јаневски, Кристина Лајмановска, Јасна Ј. Гулевски, Андриана Димитров, Љупка Петкова

Директор

______________________

(Мигуловска Андријана)

## 12. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

**Постигања на учениците**

Планирањето на оценувањето на ниво на училиштето и неговата реализација е многу значаен процес кој директно придонесува за подобрување на постигањата на учениците.

Користењето објективни тестови на знаење како метод за оценување на постигнатоста на наставните цели ќе придонесе за добивање на објективни податоци за постигањата на учениците во учењето.Со подготовката на објективни тестови, наставниците ќе имаат подетален увид во постигнатоста на наставните цели и напредокот во учењето кај учениците. Евалуацијата на тестовите ќе придонесе за квалитетот на прашањата во објективните тестови, а преку тоа ќе ја зголеми мотивацијата за учење кај учениците.

Во текот на учебната година се следат постигањата на учениците, нивната редовност и поведение. Се прави анализа на успехот и по предметите по кои учениците постигнуваат послаби резултати се организира дополнителна настава. Се идентификуваат учениците со потешкотии во учењето и со нив стручната служба обавува советодавни разговори , ги упатува на ефикасни техники на учење и градење на работни навики. Исто така се идентификуваат и надарените ученици на кои преку додатната настава им се овозможува да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата и да учествуваат на натпревари. Училиштето креира политика за поттикнување на наставниците и учениците за што поголемо учество на натпревари на локално, регионално и државно ниво.

Во рамките на активностите за подобрување на постигањата на учениците,, родителите на учениците кои имаат слаби оцени се повикуваат на советување кај психологот на училиштето. Покрај непосредно, учениците и индиректно добиваат совети како поефикасно да учат и поуспешно да го совладаат наставниот материјал.

Исто така, редовната настава во континуитет се унапредува со нови проекти, техники и методи на работа.

Училиштето има развиен систем на наградување на учениците и наставниците. Во месец мај се организира свеченост на која учениците кои што постигнале или освоиле високи рзултати на организирани натпревари на знаења или на натпревари од воннаставни активности се наградуваат со пофалници и дипломи , како и со скромни подароци.

Постгањата на учениците се промовираат во самото училиште (огласна табла, разглас, училиштен весник) и надвор од училиштето (на web страната на училиштето, на фејсбук профилот на училиштето, во весници, телевизии...)

## Превентивни програми

Воведни идеи во насока на реализација на целите на училиштето

Образовниот систем има за одговорност да им обезбеди на сите ученици целосно продолжување на едукацијата преку формална и неформална програма, која треба да биде и е предизвикувачка и мотивирачка. Се бара да се разберат индивидуалните потреби на учениците и да се имплементираат програми кои ќе ги задоволат тие потреби. Ниеден ученик не треба своето време во училиште да го минува немотивиран, неангажиран, со помалку учење или да се досадува, на начин кој тие го викаат како „учење набрзина“.Учениците не треба на пример, да бидат спречувани во својот развој преку наметнување на одредени норми кои треба да се постигнат во текот на годината. Исто така не треба да се гледа на учениците како тие да имаат фиксни нивоа на способности затоа што со тоа се постигнува образовен контра ефект. Учениците имаат различни способности, учат на различни нивоа и го развиваат својот капацитет и талент во наставната програма на различни начини. Наставниците, во училиштето, од досегашното искуство (следење на обуки и едукации) за работа со талентирани ученици, се фокусираат на:

- Наставниците покрај тоа што го имаат планирано за часот им даваат поддршка и им овозможуваат на сите ученици подеднакво повеќе да научат;
- Подобрени ресурси во училишните библиотеки и ИКТ опрема со што се поттикнуваат учениците на индивидуална настава и учење;
- Проширување на едукацијата за наставниците: интерни обуки, посета на семинари и учество на конференции од оваа област;
- Сето тоа да е соодветно финансирано и насочено кон професионалниот развој на наставниците, да се зголеми нивниот капацитете во идентификување и задоволување на потребите на учениците кои ги учат.

*Акционен план за работа со талентирани и надарени деца во учебната 2017/2018*

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ | СОДРЖИНИ | ЦЕЛИ | ПОТРЕБНИ МАТЕРИЈАЛИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **Изразување и творење** | Обработка на стихотворби,текстови | Сфаќање на суштината и поделба на мисловни (логички) целини | Текстови и песни | Септември-јуни,според потребите на учениците |
| **Работилница изразување и творење** | Драматизација на текстови (театарска претстава) | Усовршување на усното и писмено изразување | Маски, кукли, облека | Септември-јуни според потребите на учениците |
| **Работа со податоци** | Работа со податоци- Изработка на графикони при решавање на математички проблеми | Самостојно да ги внесуваат податоците | Графикони | Септември-јуни според потребите на учениците |
| **Множење и делење до милион** | Математика со размислување-користење на стратегии при множењето и делењето | Да го сфатат множењето со трицифрениот број | Задачи | Септември-јуни според потребите на ученуците |
| **Мерење** | Правење на кутии за отпадоци | Да ја сфатат техниката на мерење | Хартија во боја | Септември-јуни според потребите на учениците |
| **Ликовна работилница** | Ликот на моето другарче во анфас и профил | Да ја унапредуваат техниката на ликовно творење | Хартија, туш | Септември-јуни според потребите на учениците |
| **Ликовна работилница** | Изработка на брошура со знаменитостите на Битола, географска разработка | Совладување на поимот размер | Хартија, боици, слики | Септември-јуни според потребите на учениците |
| **Математичка работилница** | Изработка на збирка задачи од учениците | Самостојно да смислуваат задачи | Хартија, компјутер | Септември-јуни според потребите на учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Презентација за училиштето** | Кои сме ние- презентација за училиштето | Самостојно да направат презентација и да го претстават училиштето | Компјутер, хартија | Септември-јуни според потребите на учениците |
| **Местоположба и природни особености на Р. Македонија** | Периодизација на македонското минато | Да ја научат периодизацијата на Македонија | Географска карта,слики | Септември-јуни според потребите на учениците |
| **Работилница од еко област** | Засадуваме и расадуваме растенија | Да знаат да ги негуваат растенијата | Растенија | Септември-јуни според потребите на учениците |
| **Маскенбал** | Самостојно изработување на маски | Да знаат самостојно да изработат маски | Материјали и хартија во боја, украси | Септември-јуни според потребите на учениците |
| **Стихозбирка** | Правење на стихозбирка од песни и стихотворби од учениците | Самостојно да пишуваат и да дадат критички осврт на изгледот на стихозбирката | Компјутер, песнички | Септември-јуни според потребите на учениците |

*План за идентификација и работа со надарени и талентирани ученици во учебната 2017/18*

| ЦЕЛИ | АКТИВНОСТИ | РЕАЛИЗАТОР И | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|
| **Изготвување програма за работа со тимот за работа со надарени и талентирани деца** | Состанок со тимот и договор за спроведување на идните активности | Тим за работа со надарени и талентирани ученици | Август | Законска обврска за програмирање на активностите<br>- Определување цели и активности за работа во учебната 2016/2017 година |
| **Идентификување на надарените ученици вк-лучени преку стандардизирани психолошки тестови** | -Договор со наставниците за идентификација на учениците од шестите одделенија кои треба да бидат тестирани со тест на интелигенција и нивно селектирање:<br>Прогресивни равенови матрици, тест за креативност и тест за мерење на емоционалната интелигенција) | Психолог | Септември<br>Октомври | Стандардизирани постапки кои ги идентификуваат учениците со натпросечни можности за понатамошна работа со истите |
| | Подготовка на список на потенцијално надарени и талентирани ученици | Психолог | Септември | |
| **Подготовка и спроведување на идентификацијата на талентираните и надарени ученици** | - Анкетни листи со критериуми за идентификација на ученици<br>- Прашалник за наставниците (Ренцули) | Стручна служба<br>Одговорни наставници | Октомври | - Тестирањето на креативноста на учениците преку мислење на наставниците со стандардизирани критериуми за идентификација на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | надарените и талентирани ученици |
| **Идентификување на академската интелигеција на надарените и талентираните ученици** | - тестирање на идентификуваните ученици со Прогресивни равенови матрици | Психолог | Октомври | - Спроведување на научни постапки за идентификување на надпросечната iQ |
| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ЦЕЛИ |
|---|---|---|
| **I** Вежби за организирано поставување и движење | Септември/јуни | • Да се оспособува за правилно држење на телото преку соодветни вежби<br>• Да развива осет за ритам при изведување на игри и танци<br>• Да ги знае и почитува правилата на одредени игри<br>• Да ја развива моторичката координација и ориентација во просторот<br>• Да се поттикнува да учествува во |
| **II** Вежби за оформување на телото и движењата | Септември/јуни | |
| **III** Основи на атлетиката | Септември/јуни | |
| **IV** Основи на гимнастиката | Септември/јуни | |
| **V** Игри | Септември/јуни | |

| | | |
|---|---|---|
| | | активности по свој избор |

### 2.2.7 Ликовно образование

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ЦЕЛИ |
|---|---|---|
| Цретање | Септември/јуни | • да го поттикнува љубопитството и интересот за ликовна работа и творење;<br>• да ги искажува самостојно и слободно своите сознанија, доживувања и впечатоци, мисли и фантазија;<br>• да открива разни постапки на ликовно изразување (со капење, гребење, прскање, туфирање);<br>• да ги применува стекнатите знаења во училишниот живот;<br>• да развива културно – хигиенотехнички и работни навики за одржување на личната хигиена;<br>• да се запознава со комјутерската техника за цртање и боење на површината. |
| Сликање | Септември/јуни | |
| Печатење | Септември/јуни | |
| Моделирање и обликување | Септември/јуни | |
| Ликовни истрежувачки активности | Септември/јуни | |
| | | |

## 2.3. ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ

### 2.3.1 Македонски јазик

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ЦЕЛИ |
|---|---|---|
| Почетно читање и пишување | Септември/јуни | • да се оспособи да чита и пишува текст со печатни и ракописни латински букви;<br>• да се оспособува за користење на елементарни граматички и правописни норми при читањето и пишувањето;<br>• да се оспособува да раскажува усно и писмено на литературен јазик;<br>• да се оспособува да учествува во разговор преку активно вклучување и самостојно искажување на своите доживувања, чувства и факти;<br>• да се поттикнува да следи содржини од различни медиуми и да пренесува кратки информации за нив; |
| Јазик | Септември/јуни | |
| Читање,литература и лектира | Септември/јуни | |
| Изразување и творење | Септември/јуни | |
| Медиумска култура | Септември/јуни | |

### 2.3.2 Математика

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ | | ЦЕЛИ |
|---|---|---|
| **Број**<br>Броеви и систем на броеви | Септември/јуни | •Чита и пишува броеви до најмалку 1000.<br>•Брои нанапред и наназад единици, десетки и стотки, двоцифрени и трицифрени броеви.<br>•Знае што претставува секоја цифра во трицифрените броеви и ги разложува на стотки, десетки и единици.<br>•Одредува за 1, 10, 100 повеќе/помалку од двоцифрени и трицифрени броеви.<br>•Споредува трицифрени броеви користејќи ги знаците „>“ и „<“ и наоѓа број помеѓу нив.<br>•Подредува двоцифрени и трицифрени броеви.<br>•Почнува да ги поврзува дропките со делењето на еднакви делови (на пр: делење пица на 4 еднакви дела на 4 лица или делење две јаболка на 4 лица). |
| **Математички операции** | Септември/јуни | •Ги знае фактите за собирање и одземање за сите броеви до 20. |

| | | |
|---|---|---|
| Мисловни стратегии<br><br>Собирање/одзема ње<br><br>Множење и делење со удвојување и преполовување | | •Брзо ги удвојува броевите од 1 до 20 и добиените броеви ги дели на половина.<br>•Собира неколку мали броеви.<br>•Наоѓа непознат собирок при собирање на броеви чиј збир е до 100, со решавање равенки како<br>броеви.<br>•Го разбира односот меѓу преполовување и удвојување.<br>•Го разбира и применува комутативното својство на множењето. |
| **Геометрија**<br>Форми и геометриско размислување<br><br>Положба и движење | Септември/јуни | Препознава, опишува и црта 2Д форми вклучувајќи пет<br>аголници, шестаголници, осумаголници и полукругови.<br>•Разликува 2Д форми според бројот на страните, темињата и правите агли.<br>•Препознава, опишува и прави 3Д форми вклучувајќи пирамиди и призми; истражува како се прави коцка.<br>•Разликува 3Д форми според бројот и видот на страните, бројот на темињата и рабовите.<br><br>•Користи соодветни термини за да искаже положба, насока и движење, во насока на стрелките на часовникот и спротивно<br>на насоката на стрелките.<br>•Споредува агли со прав агол и препознава дека два прави агли образуваат права. |
| **Мерење**<br>Пари<br><br>Должина, маса и зафатнина<br><br>Време | Септември/јуни | •Знае да користи монети и банкноти.<br>•Користи факти за собирање и одземање до 100 за да го пресмета кусурот.<br>•Избира и користи соодветни единици и инструменти за проценка, мерење и запишување на резултатите од мерењето.<br>•Го чита најблискиот поделок, користејќи нумерирани или делумно нумерирани инструменти за мерење.<br>•Решава текстуални проблеми во коишто се вклучени мерења.<br>•Предлага и користи соодветни единици за мерење на времето и го знае односот меѓу нив (секунда, минута,час, ден, недела, месец, |

| | | |
|---|---|---|
| | | година).<br>•Го чита времето на аналогни и дигитални часовници<br>•Почнува да пресметува едноставни временски интервали во часови и минути. |
| **Решавање на проблеми**<br>Користење на техники и вештини во решавање на математички проблеми<br><br>Користење на разбирање и стратегии во решавање проб леми | | •Избира и применува соодветни мисловни стратегии за пресметување.<br>•Ги проверува резултатите од собирањето на два броја користејќи одземање и на собирањето на неколку броеви со<br>промена на местото на собироците.<br>•Го проверува одземањето со собирање.<br>•Го препознава односот меѓу различните 2Д форми.<br>•Ги препознава разликите и сличностите меѓу различните 3Д форми.<br>•Измислува приказна за поставена задача, вклучувајќи ги во тој контекст и парите.<br>•Препознава едноставни односи меѓу броеви, (на пр: секој број е за три поголем од некој број што е преднего, почнувајќи<br>од бројот 4).<br>•Препознава едноставни односи меѓу формите (на пр: некои дадени форми имаат еднаков број на линии на симетрија). ·•Усно го образложува начинот на решавање и размислувањето, вклучувајѓи ги и почетните размислувања за можните одговори на проблемот |

### 2.3.3. Природни науки

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ЦЕЛИ |
|---|---|---|
| **Научно истражување**<br>Идеи и докази:<br>Планирање на истражувачката работа:<br>Добивање и претставување докази: | Септември/јуни | •собира докази во различни ситуации за да одговори на прашања или да проверува идеи;<br>•набљудува и споредува предмети, живи суштества и настани;<br>•мери со помош на едноставна опрема и ги забележува набљудувањата на различни начини;<br>•претставува резултати со цртежи, графици и табели;<br>•генерализира и почнува да идентификува едноставни модели во самите резултати. |

| | | |
|---|---|---|
| Разгледување докази и пристапи | | |
| **Биологија**<br>Растенија<br><br><br><br><br><br>Луѓе и животни | | •знае дека растенијата имаат корен, лисја, стебла и цветови;<br>•знае дека температурата влијае врз растењето на растенијата.<br>•знае дека животните процеси кои им се заеднички на луѓето и на животните вклучуваат исхрана(вода и храна), движење, раст и репродукција;<br>•знае дека некоја храна може штетно да влијае на здравјето, на пр. многу благата или мрсната храна;<br>•истражува човечки сетила и како ги користиме за да учиме за светот; |
| **Хемија**<br>Својства на материјалите | | •знае дека секој материјал има специфични својства, на<br>пр. тврдина, мекост, сјај;<br>•дискутира зошто материјалите се избираат за конкретни<br>намени врз основа на нивните својства. |
| **Физика**<br>Сили и движење: | | •знае дека силите на туркање и силите на влечење се примери<br>на сила и дека може да се мерат со инструмент;<br>•истражува како силите, особено силата на триење, може да<br>предизвикаат побрзо или побавно движење на предметите<br>или промена на насоката или правецот на движењето |

### 2.3.4. Општество

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ | | ЦЕЛИ |
|---|---|---|
| **ЈАС СО ДРУГИТЕ И ДРУГИТЕ СО МЕНЕ**<br><br>**УЧИЛИШТЕТО И ЗНАЕЊЕТО**<br><br>**ОДНОСИ ВО СЕМЕЈСТВОТО** | Септември/јуни | • да ги запознава основните детски права;<br>• да стекнува свест за значењето на знаењата во личниот и општествениот живот;<br>• да ги сознава односите во семејството и да се поттикнува за хармонични семејни и пријателски односи;<br>• да стекнува сознанија за правилата на културно однесување и да се поттикнува да ги почитува;<br>• да ги проширува сознанијата за сообраќајот и |

| | | |
|---|---|---|
| МОЈОТ РОДЕН КРАЈ<br><br>СООБРАЌАЈ | | разновидните сообраќајни средства;<br>• да стекнува знаења за безбедно однесување при движење на улица и пат; |

## 2.3.5 Музичко образование

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ЦЕЛИ |
|---|---|---|
| **Пеење** | Септември/јуни | • да развива правилен пејачки став (правилно седење, држење на телото, дишење);<br>• да се оспособува за активно слушање на музиката;<br>• да препознава музика од различни инструменти;<br>• да го идентификува и употребува ритамот;<br>• да се запознае со некои детски музички инструменти и да свири со нив;<br>• да се поттикнува за сопствено музичко изразување. |
| **Музика и движење** | Септември/јуни | |
| **Слушање музика** | Септември/јуни | |
| **Свирење на детски музички инструменти** | Септември/јуни | |
| **Основи на музичката писменост** | Септември/јуни | |
| **Основи на детското музичко изразување и творење** | Септември/јуни | |

## 2.3.6 Физичко образование

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ЦЕЛИ |
|---|---|---|
| **I Вежби за организирано поставување и движење** | Септември/јуни | • да се оспособува за правилно држење и симетричен развој на телото преку соодветни вежби;<br>• да учествува во игри и да се поттикнува на соработка и натпревар во колективни игри;<br>• да ја развива локомоторната моторичка координација и ориентација во просторот;<br>• да учествува рамноправно и да соработува во тимско изведување на вежбите и игрите;<br>• да развива способност за позитивно емоционално изразување низ игра и адекватни физички активности;<br>• да се поттикнува да учествува во активности по |
| **II Вежби за оформување на телото и движењата** | Септември/јуни | |
| **III Основи на атлетиката** | Септември/јуни | |
| **IV Основи на гимнастиката** | Септември/јуни | |
| **V Игри** | Септември/јуни | |

| | | |
|---|---|---|
| | | свој избор; |

### 2.3.7 Ликовно образование

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ЦЕЛИ |
|---|---|---|
| **Цретање** | Септември/јуни | • да запознава нови термини кои се користат во наставата по ликовно образование;<br>• да ги изразува самостојно и слободно своите сознанија, чувства, доживувања и впечатоци, мисли и фантазија со помош на ликовниот јазик и творештво;<br>• да умее вербално да ја објасни ликовната творба и да се поттикнува на сопствена естетска проценка;<br>• да ги применува стекнатите знаења и вештини за ликовно изразување;<br>• да умее да ја користи компјутерската техника за ликовно изразување; |
| **Сликање** | Септември/јуни | |
| **Обликување во просторот, моделирање и градење** | Септември/јуни | |
| **Дизајн и визуелни комуникации** | Септември/јуни | |

### 2.3.8. Работа со компјутери

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ЦЕЛИ |
|---|---|---|
| **ПОЧЕТНИ ЧЕКОРИ ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА КОМПЈУТЕР** | Септември/јуни | • да развие вештина на алгоритамско размислување преку игра;<br>• да креира и дебагира едноставни програми; да разбере дека многу често креираната програма првично содржи грешки<br>• да користи логичко резонирање за да го предвиди исходот на едноставни програми; |
| **КОМПЈУТЕРСКА ГРАФИКА** | Септември/јуни | |
| **РАБОТА СО ТЕКСТ** | Септември/јуни | |
| **ОНЛАЈН ЖИВЕЕЊЕ** | Септември/јуни | |
| **КОЛАЖ ОД СОДРЖИНИ** | Септември/јуни | |
| **ПОИМ ЗА АЛГОРИТМИ И ПРОГРАМИ** | Септември/јуни | |
| **СОВЛАДУВАЊЕ НА АЛГОРИТАМСКО РАЗМИСЛУВАЊЕ ПРЕКУ ИГРА** | Септември/јуни | |
| **КРЕИРАЊЕ НА ЕДНОСТАВНИ ПРОГРАМИ** | Септември/јуни | |

## 2.4 ЧЕТВРТО ОДДЕЛЕНИЕ

### 2.4.1 Македонски јазик

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ЦЕЛИ |
|---|---|---|
| **Јазик** | Септември/јуни | •да користи елементарни граматички и правописни норми при читањето и пишувањето;<br>•да чита и прераскажува литературни дела од народната и уметничката литература соодветна на возраста;<br>•да учествува во разговор во кој искажува доживувања, чувства и факти;<br>•да го збогатува речникот;<br>•да развива чувство на припадност кон својата и почит кон другите култури;<br>•да се оспособи да следи информација од различни медиуми и да пренесува кратки информации од нив;<br>•да се оспособи да применува ИКТ во функција на наставниот предмет |
| **Читање, литература и лектира** | Септември/јуни | |
| **Изразување и творење** | Септември/јуни | |
| **Медиумска култура** | Септември/јуни | |

### 2.4.2 Математика

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ЦЕЛИ |
|---|---|---|
| **Број**<br>Броеви и систем на броеви | Септември/јун и | •Чита и пишува броеви до 10000;<br>•Брои нанапред и наназад четирицифрени броеви во единици, десетки, стотки и илјади;<br>•Собира или одзема четирицифрен број со полна десетка, стотка или илјада;<br>•Множи и дели трицифрени броеви со 10 (решението е цел број со прогресија до децимален број) и го разбира резултатот;<br>почнува да множи и дели броеви со 100;<br>•Умее да го одреди местото на број до 1 000 на необележана бројна низа или обележана со десетки и стотки;<br>•Споредува парови од трицифрени или четирицифрени броеви, користејќи ги знаците „>“ и „<“ и наоѓа број помеѓу нив;<br>•Користи негативни броеви во одреден контекст, на пр: температура;<br>•Донесува општи заклучоци за збирови и разлики на |

| | | |
|---|---|---|
| | | парни и непарни броеви;<br>•Споредува и подредува две или повеќе дропки со ист именител (половини, четвртини, третини, петтини, осмини или десетини);<br>•Почнува да поврзува правилна дропка со дел од целината или како група од предмети;<br>•Почнува да разбира едноставни соодноси ( размер ) ,на пр:сликата е една петина од големината на вистинско куче. Кучето е долго 25 cm на сликата,значи е долго 5 × 25 cm во<br>реалниот живот;<br>•Наоѓа половини, четвртини,третини, петтини, осмини и десетини на форми и природни броеви. |
| **Математички операции**<br>Мисловни стратегии<br><br><br><br>Собирање/одземање<br><br><br>Множење и делење со | Септември/јуни | •Ја знае таблицата за множење и делење со 2, 3, 4, 5, 6,7, 8, 9 и 10 ;<br>•Препознава и почнува да ги знае содржателите на 2,3, 4, 5 и 10 (најмногу помножено по 10 );<br>•Собира и одзема трицифрен број со број блиску до содржател на 10 или 100 (полна десетка или полна стотка;<br>•Собира парови двоцифрени броеви, избирајќи соодветна стратегија;<br>•Одзема двоцифрени броеви, избирајќи соодветна стратегија.<br>•Множи едноцифрени броеви;<br>•Го разбира и применува комутативното својство на множењето.<br>•Собира трицифрени броеви;<br>•Одзема двоцифрени броеви од трицифрени броеви;<br>•Одзема трицифрени броеви;<br>•Удвојува двоцифрени броеви. |
| **Геометрија**<br>Форми и геометриско размислување<br><br>Положба и движење | Септември/јуни | •Препознава, опишува, претставува, црта и прави некои 2Д и 3Д форми;<br>•Визуализира 3Д форми од 2Д мрежи, црта и прави мрежи;<br>•Наоѓа примери на форми и симетрија во околината и во уметноста;<br>•Опишува и препознава положба на квадрат на мрежа на квадратчиња каде што редовите и колоните се обележани со бројки и/ или букви;<br>•Црта на шема според однапред дадени упатства. |
| **Мерење**<br>Должина, | Септември/јуни | •Избира и користи стандардни мерни единици и нивните кратенки (km, m, cm, mm, kg, g, l and ml) за |

| | | |
|---|---|---|
| маса и зафатнина<br><br><br><br>Време<br><br><br>Плоштина и Периметар | | проценка, мерење и запишување на должина, маса и зафатнина;<br>•Знае да ги користи врските помеѓу познатите единици за должина, маса и зафатнина; го знае значењето на „кило“, „центи“ и „мили“;<br>•Гледа на часовник и го кажува времето претпладне и попладне;<br>•Чита едноставен распоред и календар;<br>•Пресметува временски интервали;<br>•Црта правоаголници, го мери и пресметува нивниот периметар;<br>•Наоѓа плоштина на правоаголни 2Д форми нацртани на мрежа од квадрати преку броење на квадратите. |
| **Работа со податоци**<br>Организација, категоризација и прикажување на податоците | Септември/јуни | •Ги споредува добиените резултати претставени на скали со различни интервали;<br>•Користи Венов или Каролов дијаграм за да групира податоци и објекти според два или три критериуми. |
| **Решавање на проблеми**<br>Користење на техники и вештини во решавање на математички проблеми<br><br><br>Користење на разбирање и стратегии во решавање проблеми | | •Избира соодветни мисловни или пишани стратегии за пресметување кои вклучуваат собирање или одземање;<br>•Ги разбира секојдневните мерни единици за должина, маса, зафатнина и време и ги користи за решавање едноставни проблеми;<br>•Ги проверува резултатите од собирањето со промена на местото на собироците или со одземање на еден број од резултатот;<br>•Ги препознава врските меѓу 2Д формите и ги идентификува разликите и сличностите меѓу 3Д формите;<br>•Проценува и ја определува приближната вредност и го проверува резултатот;<br>•Измислува приказна со броеви за пресметки, вклучувајќи ги во контекст мерните единици. |

### 2.4.3. Природни науки

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ЦЕЛИ |
|---|---|---|
| **Научно истражување**<br>Идеи и докази:<br><br>Планирање на истражувачката работа:<br><br>Наоѓа и претставува докази:<br><br>Разгледување докази и пристапи: | Септември/јуни | • Собира докази во различни контексти;<br>• Дизајнира фер тест и планира како да собере доволно докази.<br>• Избира прибор и одлучува што да мери;<br>• Прави релевантни набљудувања и споредби во различни контексти;<br>• Мери температура, време, сила и должина;<br>• Објаснува што покажува доказот и дали тој ја поддржува претпоставката. Го искажува ова јасно на другите;<br>• Поврзува доказ со научно знаење и разбирање во некои контексти. |
| **Биологија**<br>Луѓе и животни<br><br>Живите суштества во нивната животна средина | | • Знае дека луѓето (и некои животни) имаат коскен скелет во своите тела;<br>• Објаснува улога на лекови и нивната правилна употреба;<br>• Истражува како различни животни се наоѓаат во различни. живеалишта и се прилагодени (адаптирани) на животната средина во која што се наоѓаат;<br>• Користи едноставни клучеви за идентификација за да групира и именува растенија и животни. |
| **Хемија**<br><br>Агрегатни состојби на материјата | | • Знае дека материјата може да биде цврста, течна или гасовита;<br>• Истражува како материјалите ја менуваат агрегатната состојба кога се загреваат и ладат. |
| **Физика**<br>Звук<br><br>Електрицитет и | | • Истражува како настануваат звуците кога предмети, материјали или воздух осцилираат и знае дека јачината на звукот се мери во децибели;<br>• Го истражува начинот на кој најистакнатата точка опишува колку висок или низок е звукот и дека високите и ниските звуци може да бидат гласни или тивки. Секундарни извори може да се користат;<br>• Истражува како најистакнатата точка може да биде променета во музичките интрументи на различни |

| | | |
|---|---|---|
| магнетизам | | начини;<br>• Прави затворено струјно коло користејќи прекинувач, батерија, жици и светилки;<br>• Истражува како електричен апарат нема да работи доколку има прекин во струјното коло. |

### 2.4.4 Општество

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ЦЕЛИ |
|---|---|---|
| **Семејство, домаќинство, општество** | Септември/јуни | •да ги надгради знаењата за просторот во кој живеат и работат луѓето и во кој се одвиваат нивните меѓусебни односи ( семејство,дом општина);<br>•да ја развие просторната ориентација на географската карта за крајот во кој живее и поширокат околина, односно општината;<br>•да се запознава со основните природни и географски карактеристики во поширокат околина и нивното влијание на стопанството,културата и другите области во животот и работата на луѓето;<br>•да ги развива способностите за сознавање на непосредната општествена средина ( семејство,поширока околина / општина); |
| **Живеалишта и населби** | Септември/јуни | |
| **Општина** | Септември/јуни | |

### 2.4.5 Музичко образование

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ЦЕЛИ |
|---|---|---|
| **Пеење** | Септември/јуни | • да применува правилна вокална интерпретација;<br>• да го развива опсегот на гласот;<br>• да пее песни со разновидна мелодиска линија,различни по карактер и содржина;<br>• да се поттикнува за позитивен став за народното творештво и народното музичко творештво;<br>• да се воведува во спознавањето на основните елементи и карактеристики на народното творештво и народното музичко творештво;<br>• да се поттикнува за сопствено музичко изразување. |
| **Музичка писменост** | Септември/јуни | |
| **Слушање музика** | Септември/јуни | |
| **Свирење на детски музички инструменти** | Септември/јуни | |
| **Музичка граматика** | Септември/јуни | |
| **Народно музичко творештво** | Септември/јуни | |

## 2.4.6 Ликовно образование

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ЦЕЛИ |
|---|---|---|
| **Цртање** | Септември/јуни | • да запознава и користи нови термини и поими од ликовната уметност;<br>• да ги изразува самостојно и слободно своите сознанија,чувства;<br>• доживувања и впечатоци,мисли и фантазија со помош на ликовниот јазик и творештво;<br>• да се поттикнува да направи избор на идеја , активност со соодветни средства и да состави ликовна творба;<br>• да се поттикнува вербално да објаснува ученичка ликовна творбаили уметничко дело;<br>• да се поттикнува на сопствена естетска проценка;<br>• да ги применува стекнатите знаења и вештини за ликовно; изразување како и да ги негува хигиено – техничките и работните навики;<br>• да гради позитивен однос кон културното наследство од различни етнички заедници;<br>• да ги препознава визуелните медиуми и средства и нивната функција;<br>• да умее да ја користи компјутерската техника за ликовно изразување;<br>• преку ликовно творештво да се ослободува од стрес. |
| **Сликање** | Септември/јуни | |
| **Обликување во просторот, моделирање** | Септември/јуни | |
| **Графика** | Септември/јуни | |
| **Дизајн и визуелни комуникации** | Септември/јуни | |

## 2.4.7 Физичко образование

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ЦЕЛИ |
|---|---|---|
| **Вежби и игри за правилен физички развој и подготовка** | Септември/јуни | • да го поттикнува правилниот физички развој (психомоторни и функционални) со правилна изведба на природните локомоторни движења;<br>• да комбинира правилно и да изведува комплекси вежби за оформување на телото;<br>• да го држи правилно телото во сите положби, и тоа во: седење, стоење, движење (одење и трчање);<br>• да формира позитивни ставови кон физичките активности и спортувањето;<br>• да се запознава со корист од спортувањето и постепено да го открива личниот афинитет кон |
| **Атлетика** | Септември/јуни | |
| **Гимнастика и ритмика** | Септември/јуни | |
| **Основи на танците** | Септември/јуни | |
| **Спорт по** | Септември/јуни | |

| | | |
|---|---|---|
| **избор : Одбојка** | | определен спорт;<br>• да се оспособува за соработка, тимска работа и фер плеј однесување при изведувањето на игрите и спортувањето;<br>• да умее да се оспособува од стрес состојби и психичка и физичка напнатост со вежбање;<br>• да применува здравствено-хигиенски навики за чување и унапредување на сопствената хигиена и здравје;<br>• да ги учи и да ги применува поимите од воспитно-образовното подрачје физичко и здравствено образование: спортски реквизити, справи и помагала во согласност со наставната програма. |

### 2.4.8 Техничко образование

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ЦЕЛИ |
|---|---|---|
| **Графичка писменост** | Септември/јуни | • да се развива интерес и способности за техничкото творештво;<br>• да стекнува основни техничко технолошки знаења, умеења и навики;<br>• да се оспособува за примена на основните техничко технолошки знаења, умеења и навики во учењето, работата и секојдневниот живот;<br>• да се оспособува и формира позитивни ставови за односите меѓу луѓето во општеството;<br>• да развива култура на однесување во сообраќајот. |
| **Материјали, градба и обликување** | Септември/јуни | |
| **Конструктивно творештво** | Септември/јуни | |
| **Сообраќај** | Септември/јуни | |

## 2.5 ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ

### 2.5.1 Македонски јазик

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ЦЕЛИ |
|---|---|---|
| **Јазик** | Септември/јуни | • Да се запознава со основните историски факти од развојот на македонскиот литературен јазик;<br>• Да разликува зборови кои ја менуваат својата форма;<br>• Да стекнува знаење за заменки и истото да го применува во дадени јазични ситуации;<br>• Да усвојува поими и правила од граматиката, правоговорот и правописот на македонскиот стандарден јазик;<br>• Да се запознава со функцијата на зборовите и со нивната примена во усната и писмената комуникација;<br>• Да разликува неколку видови реченици во дадени текстови и истите да ги применува во писменото изразување;<br>• Да се оспособува за усно и писмено раскажување и прераскажување без и по даден план;<br>• Да се оспособува да пишува текст на дадени теми;<br>• Да стекнува основни поими од областа на театарската и филмската уметност. |
| **Читање, литература и лектира** | Септември/јуни | |
| **Изразување и творење** | Септември/јуни | |
| **Медиумска култура** | Септември/јуни | |

### 2.5.2 Математика

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ЦЕЛИ |
|---|---|---|
| **Број**<br>Броеви и систем на броеви | Септември/јуни | •Брои нанапред и наназад во константни чекори,продолжувајќи под нулата<br>•Знае што претставува секоја цифра во петцифрен и шестцифрен број<br>•Разложува броеви до милион на илјади,стотки,десетки и единици.<br>•Заокружува децимален број со една децимала до најблискиот цел број<br>•Подредува и споредува броеви до милион користејќи ги знаците за поголемо и помало (> и <) |

| | | |
|---|---|---|
| | | •Подредува и споредува негативни и позитивни броеви на бојната права или на температурна скала<br>•Донесува заклучоци за збир , разлика и множење на парни и непарни броеви<br>•Изразува половинки , десеттинки , и стотинки во проценти.<br>•Препознава еднаквост помеѓу децимален број и правилна ( проста) дропкасо именител 2,4,10 и 100. |
| **Математички операции**<br>Мисловни стратегии<br><br><br><br><br><br>Собирање/одземање<br><br><br><br>Множење и делење со | Септември/јуни | •Ги знае фактите за множење и делење со броеви од 2 до 100 •Одредува броеви деливи со 2,5,10<br>•Препознава содржатели на 6,7,8,9и10<br>•Ги знае квадратите на броевите до 10<br>•Брои нанапред и наназад во илјади,стотки,десетки и единици за да собира и одзема<br>•Собира или одзема броеви блиску до содржатели на 10<br>•Множи едноцифрен број со полна десетка до 90 или полна стотка до 900.<br>•Одредува збир на повеке од три двоцифрени или трицифрени броеви со пишување.<br>•Собира или одзема броеви до 100 со ист број на децимали.<br>•Множи или дели трицифрен број со едноцифрен.<br>•Дели трицифрен број со едноцифрен,бклучувајки и делење со остаток.<br>•Почнува остатокот да го пишува како дропка,при делење на двоцифрен и едноцифрен број. |
| **Геометрија**<br>Форми и геометриско размислување<br><br>Положба и движење | Септември/јуни | •Идентификува и ги опишува својствата на триаголниците, и ги класифицира како рамнокрак,рамностран и разностран<br>•Препознава осна (рефлексивна) симетрија и ротациона симетрија околу центар на правилните многуаголници<br>•Ја разбира транслацијата како движење по права линија,одредува каде ќе бидат многуаголниците по транслацијата и дава објаснување за сликите добиени си транслација. |
| **Мерење**<br>Должина, маса и зафатнина | Септември/јуни | •Чита,одбира, користи и бележи стандардни единици за да процени и измери должина,маса и зафатнина до соодветен степен на точност<br>•Претвора поголеми во помали мерни единици<br>•Црта и мери отсечка до најблискиот центиметар и милиметар. |

| | | |
|---|---|---|
| Време<br><br><br><br>Плоштина и Периметар | | •Чита едноставен распоред и календар.<br>•Пресметува временски интервали во секунди,минути и часови,користејќи дигитални и аналогни часовници.<br>•Користи календар и пресметува временски интервали во денови и недели,во месеци или години.<br>•Мери и пресметува периметар на правилни и неправилни многуаголници.<br>•Разбира дека плоштината се изразува во квадратни единици<br>•Користи формула за да пресмета плоштина на правоаголник. |
| **Решавање на проблеми**<br>Користење на техники и вештини во решавање на математички проблеми<br><br><br><br>Користење на разбирање и стратегии во решавање проб<br>леми | | •Ги разбира единиците мерки за должина, тежина, зафатнина, температура и време и ги користи за да изврши соодветни мерења.<br>•Го користи множењето за да го провери резултатот од делењето<br>•Ги препознава и разбира разликите меѓу 2Д и 3Д формите<br>•Проценува и ја определува приближната вредност при пресметубањата и го проверува резултатот<br>•Избира соодветна стратегија за пресметување и објаснува како дошол до резултатот.<br>•Истражува и решава проблеми и сложувалки со броеви,на пр: логички проблеми.<br>•Препознава едноставни односи меѓу формите,на пр:овие триаголници се сите рамнострани бидејќи...<br>•Испитува одредени тврдења преку наоѓање на примери со кои го потврдува или негира тврдењето, на пр.сумата од три последователни цели броеви е секогаш содржател на три. |

### 2.5.3 Општество

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ЦЕЛИ |
|---|---|---|
| **Нашата татковина Република Македонија** | Септември/јуни | 1.да ги надгради знаењата за просторот во кој живеат и работат луѓето и во кој се одвиваат нивните меѓусебни односи (семејство, дом, општина);<br>2.да развива чувство на почит кон историското наследство итрадициите во Република Македонија;<br>3.да развива свест за припадност кон семејството општината и поширокото општество на Република |
| **Личноста во групата и општеството** | Септември/јуни | |

| | | |
|---|---|---|
| **Република Македонија во светот** | Септември/јуни | Македонија;<br>4.да познава примери од македонската културна традицијакако и од традициите и културата на другите заедници во Република Македонија;<br>5.да ги увидува условите за својата активност во групите соврсниците, во паралелката во училиштето и поширокатa средина;<br>6.да ги разбира начините на соработка меѓу луѓето и меѓусебната поддршка во споредба со конфликтите, како и за ре ша ва ње на конфликтите;<br>7.да се запознава со најважните институции на Европската унија |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

## 2.5.4 Музичко образование

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ЦЕЛИ |
|---|---|---|
| **Пеење** | Септември/јуни | • да применува правилна вокална интерпретација<br>• да го развива опсегот на гласот<br>• да пее песни со разновидна мелодиска линија,различни по карактер и содржина<br>• да развива навики за активно слушање на музика<br>• да се воведува во музичката граматика<br>• да се поттикнува за позитивен став за народното творештво и народното музичко творештво<br>• да се воведува во спознавањето на основните елементи и карактеристики на народното творештво и народното музичко творештво<br>• да се поттикнува за сопствено музичко изразување |
| **Музичка писменост** | Септември/јуни | |
| **Слушање музика** | Септември/јуни | |
| **Свирење на детски музички инструменти** | Септември/јуни | |
| **Музичка граматика** | Септември/јуни | |
| **Народно музичко творештво** | Септември/јуни | |
| **Музичко изразување и творење** | Септември/јуни | |

## 2.5.5 Ликовно образование

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ЦЕЛИ |
|---|---|---|
| **Цртање** | Септември /јуни | • да перцепира простор и релации во просторот;<br>• да развива поголема визуелна способност; |
| **Сликање** | Септември | |

| | | |
|---|---|---|
| | /јуни | • да се запознава со нови ликовни техники и да комбинира нови ликовни техники;<br>• да запознава нови термини кои се користат вонаставните содржини;<br>• елементи:линија,боја,форма,текстура,плоштина,простор и друго и нивната употреба во ликовното творештво;<br>• да ја осознава функцијата на бојата во секојдневниот живот;<br>• да ги знае и објаснува основните поими и ликовните термини;<br>• да ги искажува самостојно и слободно своите сознанија,доживувања и впечатоци,мисли и фантазија со помош на ликовниот јазик и творештво;<br>• да развива способности за набљудување,вербално објаснување и естетско проценување;<br>• да умее да ја користи компјутерската техника за ликовното творештво;<br>• да развива културно-хигиенотехнички и работни навики. |
| **Обликување на просторот, моделирање** | Септември /јуни | |
| **Графика** | Септември /јуни | |
| **Дизајн и визуелни комуникации** | Септември /јуни | |
| | | |
| | | |

### 2.5.6 Физичко образование

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ЦЕЛИ |
|---|---|---|
| **Вежби и игри за правилен физички развој и подготовка** | Септември/јуни | 8.да применува вежби за правилен физички развој и подготовка;<br>9. да ги развива физичките, функционалните и психомоторните способности;<br>10.да изведува и применува правилни и координирани вежбиза јакнење, лабавење и растегнување;<br>11.да совладува нови вежби и елементи од основите на спортовите и во игри (штафетни, карактерни, танци,игри без граници);<br>12.да ги знае и практикува правилата за игрите и рамноправнода учествува и соработува во тим-екипа;<br>13.да стекнува здравствено-хигиенски навики и унапредувањена здравјето;<br>14.да ги учи и правилно да ги применува поимите во физичкото и здравственото образование;<br>15.да се ослободува од стрес преку физичка активност;<br>16.да развива култура на однесување во спортувањето (какоучесник, навивач, победник, поразен |
| **Атлетика** | Септември/јуни | |
| **Гимнастика и ритмика** | Септември/јуни | |
| **Основи на танците** | Септември/јуни | |
| **Основи на спортски игри - Поттема: Кошарка; Одбојка Ракомет; Фудбал** | Септември/јуни | |

## 3. СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ

Современиот начин на живот како и промената на парадигмата на општеството, доведе до промена во работата и на училиштата, со што се промени позицијата на ученикот во наставата, а исто така се промена комуникацијата на семејствата со училиштето. Сега родителот е активен член во секојдневниот училиштен живот на своето дете. Токму поради тоа и во продолжениот дневен престој се става голем акцент на вклучување на родителите во работата как и формални и неформални форми на комуникација во текот на учебната 2017/2018.

**Формални родителски средби:** Групни и индивидуални;

**Неформални:** Белешки, тетратки, писма со нови информации (најразлични форми на пишана комуникација), секојдневна комуникација при прифаќање и испраќање на учениците.

**Соработка со родителите се однесува на:**

- Запознавање на родителите со психолошките карактеристики на децата и пружање помош за насочување на нивниот развој;
- Давање совети за решавање на развојни и други проблеми кај учениците кои се последица на дисфункционални семејни односи;
- Советодавна – инструктивна работа со родители чии деца имаат тешкотии во развојот;
- Пружање помош во благовремено откривање на надарени деца и укажување на можности за поттикнување и насочување на нивниот општ и професионален развој;
- Педагошко – психолошка едукација на родителите;
- Да се создадат можности родителите и наставниците заеднички да ги утврдат приоритетите од интерес за детето (долгорочни и краткорочни);
- Наставниците треба да се запознаат со домашните услови на детето, со цел да ги утврдат содржините и методите на настава, кои најмногу му одговараат на детето;
- Наставниците и родителите треба заедно да ги проценат можностите и потребите на детето;
- Успешноста на соработката меѓу родителите и наставниците зависи од степенот на размена на информации;
- Родителите треба да учествуваат во утврдувањето на наставните цели и методи;
- Родителите и наставниците треба заеднички да го споделат успехот;
- Наставниците мора да најдат време да ги слушнат искажувањата на родителите;
- Корисно е родителите и наставниците да соработуваат на сите можни начини; на пример, наставниците да го посетуваат домот во кој живее детето, родителите да учествуваат во училишните активности, со фотографии да се илустрира напредокот кај детето и да се разменуваат идеи за натамошна заедничка работа;
- Родителите треба целосно да бидат вклучени во обуката на наставниците;
- Треба да се создадат можности за вклучување на родителите и учениците во дефинирањето на плановите и политиката на ниво на училишна и локална заедница;

- Редовно комуницирање со сите родители;
- Јавно објавување на термините за времето кога може да се најде наставникот како и предметните наставници;
- При индивидуалните средби дефинирање на целите кои е потребно да се реализираат со учениците кои имаат пропусти во учењето или потешкотии при совладувањето на одреден наставен материјал;
- Истакнување на успехот на ученикот пред родителот;
- Родителските состаноци се групни (со сите родители на учениците кои посетваат дневен продолжен престој) и индивидуални со секој родител посебно;
- Групните состаноци се одржуваат на крајот на секое тримесечје или по потреба кога треба да соопшти некоја информација и да побара мислење или вклучување во активности од страна родителите. Истите се пишуваат во записник одродителскиот состанок кој се доставува до Директорот на училиштето, со што во прилог се доставува и список на присутни родители на состанокот.
- Индивидуалните состаноци се одржуваат по потреба и укажување на наставникот или предметните наставници и истите. Истите се запишуваат во Дневникот за работа и се пополнува записникот за индивидуална родителска средба кој го има наставникот за секое дете посебно.

На секој родителски состанок (индивидуален, групен) наставницитесе должни да ја дадат комплетната информација во врска со наставната работа, реализираноста на наставниот план и програма како и успехот и поведението на учениците во одреден временски период. Планот за соработка со родителите наставникот го приложува во наставничкото портфолио.

Инструментот за правење на записник од индивидуалните родителски средби е даден во прилог на Планот за соработка со родителите.

Во склоп на соработката со родителите спаѓаат и предавањата од страна на родителите. Сите предавања и активности од овој тип ќе бидат покриени со Извештај кој ќе биде доставен до соодветниот координатор во училиштето.

Исто така, при поголемите активности и настани во училиштето се вклучува и Дневнот престој заедно со своите родители, при изработка на предмети и слично.

**ЗАПИСНИК ОД ИНДИВИДУАЛНА РОДИТЕЛСКА СРЕДБА**

| **Роидител/ старател :**_______________________________ | |
|---|---|
| **Датум** | **Цел на индивидуалната родителска средба:** |
| | |

***Наставник:***

_____________________________

## 4. РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ СО ПОТЕШКОТИИ И ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

***Македонски јазик:***

- Да се оспособува да го користи говорот во воспоставување нови контакти и во меѓусебното разбирање
- Да се оспособува на активно слушање
- Да ја развива фантазијата преку говорот
- Да се оспсобува да ги препознава, именува и пишува латинични букви
- Да се оспособува за читање
- Да се оспсоби делумно да го користи компјутерот во функција на предметот.

***Математика:***

- Да се оспособува да ги открива основните математички поими во секојдневниот живот
- Да се оспсобува да определува број на предмети
- Да се оспсоби графички да претставува множества
- Да ги усвои броевите до 10000
- Да се оспособи за собирање и одземање на броевите до 10000 и истите практично да ги применува.

***Општество:***

- Да се поттикнува да ја открива поврзаноста помеѓу луѓето, предметите и појавите
- Да се доживува себеси како единствена и неповторлива личност и да се развива самодовербата
- Да умее да распознае и искажи различни емоции
- Да се запознае со основните сообраќајни правила
- Да се развие чувство за припадност кон својата татковина.

***Музичко образование:***

- Да развива правилен пејачки став (правилно седење, држење на телото, дишење)
- Да се оспсоби за активно слушање на музика
- Да се запознае со некои видови детски музички инструменти.

***Физичко и здравствено образование:***

- Да се оспособува да прави проценка на своите можности и моторички способности
- Да ја равива моторичката координација и ориентација во просторот
- Да се воведува и учествува во тимско изведување на вежбите
- Да развива способност за позитивно емоционално изразување низ игра и адекватни музички активности.

***Ликовно образование:***

- Да се развиваат интерес и љубов кон ликовната култура
- Да се развиваат естетски чувства
- Да се оспособуваат да развива вештини за примина на разни материјали и техники за цртање, моделирање, сликање
- Да се развива графомоторичка способност и координациа око - рака

## 5. СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

При соработката со локалната заедница се вклучуваат и родителите, наставниците како и колегите од другите училишта.

- Посета на телевизија;
- Посета на маркет;
- Посета на пазар;
- Посета на амбуланта;
- Посета на општина;
- Посета на училиште каде има дневен престој за размена на искуства;
- Посета на болница.

При посетите секогаш се обраќа внимание на тоа посетите да се одвиваат во време кога учениците имаат слободни активности или активности од вештините. На овој начин ќе можат да се стекнат со практични знаења и да ги прошират своите видици.

## 6. ИЗРАБОТКА НА УЧИЛИШНИ, РЕГИОНАЛНИ И МЕЃУНАРОДНИ ПРОЕКТИ

Иноваивноста и креативноста на наставниците ќе дојде до израз најмногу преку проектите кои ќе се изработуваат со учениците во дневниот престој. За таа цел наставниците кои работат во дневниот престој ќе обезбедат соработка со наставниците од училиштето, наставниците од другите училишта како и наставници од странство со тоа што преку проектите ќе ја покажат работата  иновативноста на учениците и наставниците.

Сите активности кои ќе ги преземаат наставниците заедно со учениците ќе бидат ставени во портфолиото на наставниците како и соодветните тимови во училиштето и во училишното портфолио.

## 7. ПЛАНИРАЊЕ НА ТЕКОВНАТА РАБОТА НА НАСТАВНИЦИТЕ

| | предмети | | | | Цели по предмети | Форми и методи |
|---|---|---|---|---|---|---|
| понеделник | | | | | | |
| вторник | | | | | | |
| среда | | | | | | |
| четврток | | | | | | |
| петок | | | | | | |